СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Советот за радиодифузија на РМ**
**за периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 година**

**Скопје, март 2008 година**

# Содржина

**Вовед** ........................................................................................ стр.3

**1 Преод од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност** ........................................ стр.5

**2 Стратегија за развој на радиодифузната дејност** ........................ стр.6

**3 Радиодифузна регулатива** ........................................................ стр.8

3.1 Нови подзаконски акти усвоени од Советот за радиодифузија .............. стр.8
3.2 Согледувања на Советот од имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност ........................................................ стр.9
3.3 Ставови на Советот за иницијативата за измени на Законот за радиодифузната дејност и на Законот за електронските комуникации.... стр.11

**4 Надзор врз исполнувањето на програмските обврски на радиодиодифузерите** ........................................................ стр.14

4.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите утврдени во Законот и во подзаконските акти ............................................ стр.14
4.2 Видови прекршувања на Законот и на подзаконските акти и изречени мерки кон радиодифузерите ................................................ стр.17
4.3 Предлози за спроведување инспекциски надзор ................................ стр.18

**5 Надзор врз работењето на јавните комуникациски мрежи** ......... стр.19

5.1 Регистрација на програмските пакети ................................................ стр.19
5.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси на јавните комуникациски мрежи ................................................ стр.19
5.3 Изречени мерки и други преземени активности...................................... стр.20

**6 Економско работење на радиодифузерите** ...................................... стр.23

6.1 Показатели за целиот радиодифузен сектор .......................................... стр.23
6.2 Јавен радиодифузен сервис - Македонска радиотелевизија .................... стр.24
6.3 Комерцијален сектор - трговски радиодифузни друштва ......................... стр.25
6.4 Споредбени показатели за работењето во 2005 и 2006 година ............... стр.26

**7 Сопственичка структура на трговските радиодифузни друштва** ................................................ стр.29

7.1 Преглед на сопственичката структура ................................................ стр.29
7.2 Промени во сопственичката структура во 2007 година ........................... стр.30

**8 Радио и телевизиски програми од јавен интерес** .......................... стр.31

**9 Други активности на Советот** ........ стр.32

9.1 Активности на Советот за воспоставување на наплатата на радиодифузната такса ........ стр.32
9.2 Следење на наплатата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност ........ стр.35
9.3 Работилници со радиодифузерите за примена на Законот и на подзаконските акти ........ стр.36
9.4 Следење на процесот на трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија ........ стр.37

**10 Соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и организации** ........ стр.39

**11 Меѓународна соработка** ........ стр.42

11.1 Соработка со Европската комисија ........ стр.42
11.2 Соработка со Советот на Европа и со ОБСЕ ........ стр.43
11.3 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА) ........ стр.45
11.4 Експертски посети во Советот за радиодифузија ........ стр.45
11.5 Друга меѓународна соработка ........ стр.47

**12 Јавност во работењето на Советот** ........ стр.48

12.1 Облици на комуникација со јавноста ........ стр.48
12.2 Пристап до информации од јавен карактер ........ стр.48

**13 Материјално-финансиско работење на Советот, кадровски и технички ресурси** ........ стр.50

13.1 Материјално-финансиско работење на Советот во 2007 година ........ стр.50
13.2 Кадровски ресурси на Советот ........ стр.51
13.3 Технички ресурси на Советот ........ стр.52

**Прилози:**

Табела бр. 1 - Изречени писмени опомени на трговските радиодифузни друштва ........ стр.55
Табела бр. 2 - Изречени писмени опомени со барање за објавување на трговските радиодифузни друштва ........ стр.59
Табела бр. 3 - Изречени времени забрани за рекламирање и телешопинг на трговските радиодифузни друштва ........ стр.60
Табела бр. 4 - Изречени писмени опомени на јавниот радиодифузен сервис ........ стр.60
Табела бр. 5 - Изречени налози за исклучување програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи ........ стр.61
Табела бр. 6 - Поведени прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи ........ стр.61
Табела бр. 7 - Структура на сопственоста ТРД на национално ниво ........ стр.63
Табела бр. 8 - Структура на сопственоста ТРД на регионално ниво - Скопје ........ стр.63
Табела бр. 9 - Структура на сопственоста на ТРД на локално ниво - ТВ ........ стр.64
Табела бр.10 - Структура на сопственоста на ТРД на локално ниво - радио ........ стр.65

# Вовед

Советот за радиодифузија како независно регулаторно тело, во рамките на своите законски надлежности, во текот на 2007 година, работеше во насока на ефикасна имплементација на Законот што ја регулира радиодифузната дејност. Меѓу позначајните активности на Советот за радиодифузија за време на извештајниот период посебно би ги нагласиле преминот од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност, изработката и усвојувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, донесувањето на подзаконските акти за имплементирање на Законот за радиодифузната дејност, надзорот врз спроведувањето на програмските обврски на радиодифузерите и надзорот врз јавните комуникациски мрежи, соработката со другите регулаторни тела, меѓународната соработка и т.н.

Во постапката за премин од концесии во дозволи за вршење на радиодифузната дејност беа доделени дозволи на 115 трговски радиодифузни друштва и тоа: на 52 телевизии (5 на државно, 11 на регионално и 36 на локално ниво), како и на 62 радио станици (3 на државно, 16 на регионално и 43 на локално ниво). За првпат, во јули 2007 година, Советот додели и една дозвола за вршење на радиодифузна дејност на непрофитно радио, на подрачјето на Скопје.

Голем дел од активностите на Советот во 2007 година беа насочени кон изработката и усвојувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност. Во законскиот рок, на 28 ноември 2007 година, на јавна седница, Советот го усвои овој значаен документ во чија изработка беа вклучени сите надлежни институции од областа на радиодифузијата, електронските комуникации и информатичкото општество, како и невладините организации и други субјекти во радиодифузната дејност. Во Стратегијата се утврдени целите од јавен интерес и генералната стратегиска рамка на регулаторната политика во радиодифузијата од 2007-2012 година. Стратегијата нуди конкретни цели и насоки за регулација на радиодифузијата во повеќе сегменти: радиодифузната индустрија, плурализмот и разновидноста на програмите, дигитализацијата на терестријалната радиодифузија и развојот на регулаторната рамка вклучувајќи го и нејзиното усогласување со новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската Унија. За спроведување на овие активности Советот усвои и Акционен план за имплементација на Стратегијата во текот на наредните пет години.

Најголемиот дел од подзаконските акти што ја доуредуваат радиодифузната сфера беа донесени во текот на 2007 година. Пред нивното усвојување беа организирани работилници, трибини и советувања во повеќе градови во Република Македонија. Сите подзаконски акти, заедно со текстот на Законот за радиодифузијата дејност, беа објавени во посебна публикација на Советот.

Надзорот врз спроведувањето на програмските обврски на радиодифузерите, преку планирани мониторинзи, беше континуирана активност во текот на целата година. Поради прекршувања на Законот и на подзаконските акти, на трговските радиодифузни друштва им се изречени 185 мерки и тоа: 166 писмени опомени, 17 писмени опомени со барање за објавување и 2 времени забрани за рекламирање и телешопинг, а на јавниот сервис вкупно 7 писмени опомени.

Во текот на изминатата година, Советот за радиодифузија издаде вкупно 53 нови потврди за регистрација на пакетите програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи. Врз основа на спроведените мониторинзи се изречени 22 налога за исклучување на програмски сервиси и се поведени 54 прекршочни постапки. Но, од сите прекршочни постапки пред надлежните

судови во 2007 година се завршени само шест, а останатите 48 се во тек. Поради тоа, Советот упати четири ургенции до основните судови: Скопје 1, Скопје 2, Тетово и Штип, како и една претставка до Судскиот совет на Република Македонија.

Согледувањата од имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност покажуваат дека тој содржи одделни недоречености и недоследности кои беа пречка за негова ефикасна примена во практиката. Одреден број непрецизно и нејасно формулирани одредби во поглед на програмските и другите обврски на радиодифузерите и во делот на прекршочните одредби е неопходно да бидат корегирани и дополнети за да се овозможи целосна ефикасност во спроведувањето на Законот. За поголемиот дел од овие недоследности, Советот во писмена форма го информираше надлежното министерство и предложи, во соработка со Советот, да се разработат измени и дополнувања.

Во 2007 година Советот остваруваше интензивна соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и организации од земјава. Со Агенцијата за електронски комуникации и со Комисијата за заштита на конкуренцијата Советот потпиша и посебни меморандуми за соработка.

Од меѓународната активност на Советот за издвојување е соработката со Европската комисија и со ОБСЕ. На 14 јуни 2007 година, се одржа четвртиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на кој од страна на Европската комисија беше нагласено дека Законот за радиодифузната дејност треба да претставува основа за сите активности за измени на регулативата, како и дека независноста на регулаторното тело и на јавниот радиодифузен сервис е од клучно значење во идниот развој на целата област. На 10 декември 2007 година се одржа и четвртиот состанок на Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика на кој Европската комисија изрази загриженост поради неуспехот во собирањето на радиодифузната такса и финансиската состојба на јавниот сервис и истакна дека тоа е одговорност на државата. Европската комисија искажа и задоволство од досегашната имплементација на Законот и од донесувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност. Советот за радиодифузија во текот на целата 2007 година соработуваше и имаше поддршка од мисијата на Европската Унија и од мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Притоа се остварени бројни контакти и средби со претставниците на овие мисии, пред се со амбасадорите Ерван Фуере и Џорџо Радикати.

Во извештајниот период Советот сестрано се заложи за воспоставување на наплатата на радиодифузната такса и покрена иницијатива за решавање на овој проблем. Со поддршка на Советот на Европа и Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија престојуваше правен консултант од Кралството Холандија кој одржа неколку работилници, а потоа беше формирана заедничка работна група која предложи повеќе мерки и активности за воспоставување на системот на наплата на радиодифузната такса, но раководните органи на Македонската радиотелевизија не преземаа конкретни чекори за нивна реализација, така што во текот на 2007 година наплатата за радиодифузната такса воопшто не се реализираше.

Советот за радиодифузија во 2007 година ја одбележа десетгодишнината од донесувањето на Законот за радиодифузната дејност и од формирањето на Советот за радиодифузија на Република Македонија, како прво независно регулаторно тело од областа на радиодифузијата.

# 1 Преод од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност

Согласно членот 172 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија спроведе постапка за усогласување на договорите за концесија склучени врз основа на претходниот Закон за радиодифузната дејност (Сл.весник на РМ бр.20/97 и бр. 70/03) меѓу Владата на Република Македонија и трговските радиодифузни друштва, со одредбите од постојниот Закон за радиодифузната дејност (Сл.весник на РМ бр.100/05 и 19/07), со која се обезбеди преминот од систем на концесии во систем на дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Имено, на седницата одржана на 16 февруари 2007 година, Советот за радиодифузија донесе Одлука (бр.02-355/5) за објавување јавен повик со цел спроведување постапка за усогласување на постојните договори за концесија. Јавниот повик за усогласување на договорите (бр.02-355/6) беше објавен во "Службен весник на РМ" бр.21/07 од 22 февруари 2007 година. Од вкупно 123 трговски радиодифузни друштва, пријави за усогласување на договорите за концесија не доставија осум, а едно трговско радиодифузно друштво достави изјава дека се откажува од натамошно вршење на радиодифузната дејност со што еднострано го раскина договорот за концесија.

Советот за радиодифузија спроведе постапка на евалуација на доставените пријави за усогласување на договорите за концесија и на документацијата доставена кон пријавите.

Врз основа на анализата на пријавите со придружната документација, како и извршената оценка на работењето на трговските радиодифузни друштва во текот на изминатиот концесиски период од аспект на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот и Договорот за концесија, на својата 12-та седница, одржана на 29.05.2007 година, Советот донесе одлука[1] за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност на 114 трговски радиодифузни друштва. Овие трговски радиодифузни друштва дадоа согласност за престанување на договорите за концесија склучени со Владата на Република Македонија како концедент, со што нивните концесиски договори беа еднострано раскинати.

Покрај тоа, Советот за радиодифузија и предложи на Владата на Република Македонија да донесе одлука за одземање на концесијата за вршење радиодифузна дејност на 8 трговски радиодифузни друштва[2] поради неплаќање на надоместокот за концесија и одлука за престанок на концесијата на едно трговско радиодифузно друштво[3] кое не се пријави на јавниот повик односно достави барање за еднostран раскин на договорот за концесија.

По завршувањето на целокупната постапка за усогласување на договорите за концесија, дозволи за вршење радиодифузна дејностим беа доделени на вкупно 114 трговски радиодифузни друштва, и тоа: на 52 телевизии (од кои пет на територијата на Република Македонија, 11 на регионално и 36 на локално ниво) и на 62 радија (од кои три на територијата на Република Македонија, 16 на регионално и 43 на локално ниво).

---

[1] Одлука бр.02-1628/2 од 30.05.2007 година

[2] ТРД ТВ Миг 21 ДООЕЛ од Гевгелија, ТРД ТВ Алфа Д ДООЕЛ од Дебар, ТРД РА Оне Кис ДООЕЛ од Гевгелија, 4) РА Румели ДООЕЛ од Гостивар, РА Рома ДООЕЛ од Гостивар, РА Тигар ДООЕЛ од Делчево, РА Си Би Ем ДООЕЛ од Велес и ТВ Спорт 4 ДООЕЛ од Скопје.

[3] МИС ЖИРОВНИЦА ДООЕЛ, с. Жировница, Ростуше

# 2 Стратегија за развој на радиодифузната дејност

Стратегијата за развој на радиодифузната дејност Советот ја усвои на јавна седница одржана на 28 ноември 2007 година, во законски предвидениот рок. Како што беше предвидено во членот 22 од Законот, во изработката на Стратегијата беа вклучени сите надлежни институции од областа на радиодифузијата, електронските комуникации и информатичкото општество, како и невладините организации и другите субјекти во радиодифузната дејност.

Активностите за изработка на Стратегијата Советот ги започна уште во јуни 2006 година. Утврдени беа нацрт-концептот и рамката на прашања што ќе бидат опфатени со Стратегијата, беше формирана работна група со претставници на сите надлежни институции, медиумите, невладините организации и другите субјекти во радиодифузната дејност, а до програмата TAIEX на Европската комисија беше поднесена апликација за странска експертска помош, што резултираше со позитивен одговор од страна на Европската комисија.

Во декември 2006 година, беше реализирана посета на Арно Декер, директор за истражувања и стратешки развој на Високиот аудиовизуелен совет на Франција, врз основа на која беше утврден конечниот концепт, временската рамка на Стратегијата и методологијата за спроведување на истражувањето на пазарот кое беше предвидено во првата фаза на изработката на Стратегијата.

По препорака на експертот од француското тело, во јули 2007 година, повторно со поддршка на програмата TAIEX, беше организирана и втора експертска мисија за изработка на Стратегијата - на Лиза Ди Феличиантонио, раководител за радиодифузија во Директоратот за анализа на пазарот и конкуренцијата при италијанското регулаторно тело - AGCOM. Целта на оваа мисија беше експертот да направи евалуација на делот за анализа на пазарот и да даде мислење и препораки во врска со другите сегменти на Стратегијата.

Изработката на Стратегијата беше поддржана од мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, со која за таа цел беше потпишан посебен Меморандум за соработка. Со помош на ОБСЕ, во изработката на Стратегијата, беа ангажирани и неколку домашни експерти во следниве сегменти: анализа на радиодифузниот пазар, анализа на плурализмот и разновидноста на програмите и анализа на развојот на новите технологии со сценарио за дигитализација на радиодифузијата.

Нацрт-текстот на Стратегијата беше предмет на јавна расправа во периодот од 3 септември до 18 ноември 2007 година. Советот усвои и објави принципи на јавната расправа, според кои сите субјекти требаше своите забелешки и предлози да ги доставаат до Советот во писмена форма[4]. Со цел во јавната расправа да бидат вклучени што поголем број субјекти, Советот организираше и серија состаноци со сите релевантни институции и организации чија дејност е поврзана со радиодифузијата. Во конечниот текст на Стратегијата се прифатени голем дел од сугестиите и предлозите на сите субјекти што учествуваа во јавната расправа.

---

[4] Во овој рок, до Советот беа доставени писмени прилози од: Центарот за развој на медиуми, Асоцијацијата на приватни електронски медиуми, Македонската радиодифузија, Горан Гаврилов (Радио Канал 77) и Дарко Перушевски (А1 телевизија).

Стратегијата е визија за развој на радиодифузната дејност за периодот од 2007 до 2012 година. Во неа се утврдени целите од јавен интерес и генералната стратешка рамка на идната регулаторна политика во радиодифузијата. Стратегијата ги идентификува проблемите во досегашниот развој, прави пресек на постојната состојба и нуди конкретни цели и насоки за идната регулација на радиодифузијата во следните нејзини сегменти: радиодифузната индустрија, плурализмот и разновидноста на програмите, дигитализацијата на терестријалната радиодифузија и развојот на регулаторната рамка. Стратегијата ги разработува и прашањата на натамошниот развој на законската регулатива што се неопходни како дел од процесот на усогласување со новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската унија, а и како предуслов за натамошен технолошки развој на радиодифузијата.

Советот усвои и Акционен план за имплементација на Стратегијата во кој се предвидени вкупно 29 активности насочени кон практична имплементација на Стратегијата во текот на наредните пет години.

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија, на својата седница од 9 јануари 2008 година, ја разгледа и позитивно ја оцени Стратегијата за развој на радиодифузната дејност. Комисијата донесе заклучок да му предложи на Собранието да ја разгледа Стратегијата на една од наредните седници и ги повика сите субјекти од радиодифузната дејност да се вклучат во имплементацијата на овој документ.

# 3 Радиодифузна регулатива

## 3.1 Подзаконски акти усвоени од Советот за радиодифузија

Со цел да се обезбеди унифицирана номенклатура на најзастапените жанрови во мас-медиумскиот амбиент, во февруари 2007 година Советот за радиодифузија донесе *Одлука за класификација на радио и на телевизиските програми.*

На почетокот од јуни 2007 година, по период на повеќекратни јавни консултации со експерти и со институции по различни основи вклучени во радиодифузната сфера, но и преку непосредни средби со радиодифузерите, Советот за радиодифузија ги донесе подзаконските акти: *Правилник за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и на ТВ програмските сервиси,* и *Правилник за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ програмите.* Овие два подзаконски акта ја прецизираат регулативата во доменот на комерцијалното работење на радиодифузерите, но насочени се кон воспоставување рамнотежа помеѓу финансискиот интерес на радиодифузерите и ефикасното остварување на комуникациските потреби на публиката.

*Одлука за класификација на радио и на телевизиските програми*

При изработката на Одлуката за класификација на радио и на телевизиските програми[5] почитувани се генералните, современи насоки во европскиот класификациски пристап, но земено е предвид и дека стандардите за жанровското одредување на програмската понуда нужно варираат поради различните медиумски искуства и тековни практики, од држава во држава. Оттаму, класификацискиот принцип на Одлуката се темели или врз еден или врз комбинација од три можни критериуми: 1) медиумската функција на аудиовизуелниот производ; 2) содржината на програмската понуда; 3) целната медиумска група. Врз овие основи, од кои непосредно зависи и форматот на програмскиот сервис на радиодифузерите, обмислениот аудио-визуелен производ се ситуира во една од трите конвенционални медиумски функции: информативна, образовна или забавна. Текстот на Одлуката се обидува да ги опише или да ги дефинира пред се најзастапените тв и радио жанрови во домашната, македонска медиумска практика, но останува отворен за современите аудио-визуелни изрази чија забележлива тенденција е, под влијание на техничко-технолошкиот развој на радиодифузната сфера, да се хибридизираат постојните жанровски одредници.

*Правилник за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и на ТВ програмските сервиси*

Координиран со законските одредби и со насоките од Правилникот за заштита на малолетната публика, овој Правилник[6] го пропишува начинот за користење телефонски услуги со посебна тарифа и ги утврдува временските

---

[5] Одлуката за класификација на радио и на телевизиските програми е објавена во Службен весник на РМ бр. 21/07 од 22 февруари 2007 година.

[6] Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и на ТВ програмските сервиси е објавен во Службен весник на РМ бр.72/'07 од 11 јуни 2007 година.

периоди во кои може да се емитуваат програмите што ги користат таквите услуги, било од фиксната, било од мобилната телефонија. Заштитата на граѓаните корисници на овој вид услуги, Правилникот ја пропишува преку обврската медиумот јасно и прегледно да го истакне телефонскиот број, цената на повикот и цената за минута разговор, со или без вклучен ДДВ.

За почетен програмски појас по кој можат да се емитуваат програми што вклучуваат и контакт со публиката преку телефонски линии со посебна тарифа утврден е периодот по 17 часот. Оваа програмска брана произлегува од проценките за социјалните навики во македонското општество, кога за радио и за телевизиската публика започнува периодот на т.н. - „семејно споделена програма", со што, преку зголемен родителски надзор би требало да се оневозможи медиумска злоупотреба на малолетничката лековерност. Повеќепати е потврдена практиката македонските медиуми да ги користат овие телефонски услуги во радио и во телевизиски емисии со т.н. „толкувачи на судбината" (јасновидци, гатање, тарот, хороскоп, толкување соништа, и сл.), медиумски дејности што не се забранети со ЗРД. Меѓутоа, и преку континуираниот мониторинг спроведуван од Советот, и преку индивидуални реакции на гледачи и на слушатели, изразена е основана загриженост дека таквите програми можат штетно да влијаат врз моралниот развој на малолетната публика, па оттаму, со овој Правилник се пропишува дека таа програмска понуда ќе се емитува исклучиво во периодот од 22 до 05 часот. Иста цел има и одредбата - по полноќ до 05 часот наутро да се помести емитувањето т.н. „жешки телефонски линии со еротска понуда", при што медиумот е задолжен да нагласи дека овој вид услуги се наменети исклучиво за публика над 18 години.

*Правилник за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ програмите*[7]

Текстот е резултат на низа средби и работилници со радиодифузери, продуценти на аудио-визуелна програмска понуда, огласувачи и рекламни агенции. Втемелен врз законските одредби за рекламирањето и спонзорството на ТВ и на радио, Правилникот прави обид да ги разграничи поимите: рекламирање и спонзорство, така што ги набројува, ги контекстуализира и ги дефинира начините за идентификација на спонзорите во програмите на македонските радиодифузери. Покрај техничките и комерцијалните детали, Правилникот ја омеѓува и границата за можното влијание на спонзорот врз уредувачката самостојност на радиодифузерот при изготвувањето на програмите.

## 3.2 Согледувања на Советот од имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност

Имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност што Советот за радиодифузија ја спроведуваше во текот на 2006 и 2007 година покажа дека тој содржи одделни недоречености и недоследности кои беа пречка за негова ефикасна примена во практиката. Станува збор за одреден број непрецизно и нејасно формулирани одредби во поглед на програмските и другите обврски на радиодифузерите и во делот на прекршочните одредби кои е неопходно да

[7] Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ програмите е објавен во Службен весник на РМ бр.72/'07 од 11 јуни 2007 година.

бидат корегирани и дополнети за да се овозможи целосна ефикасност во спроведувањето на надзорот врз спроведувањето на Законот.

За поголемиот дел од овие недоследности, Советот за радиодифузија во писмена форма го информираше Министерството за транспорт и врски уште во првата година од имплементацијата на Законот и му предложи на Министерството да покрене иницијатива за измени и дополнувања на Законот кои би биле изработени во соработка со Советот за радиодифузија.

Исто така, Советот, во повеќе наврати, до Министерството за транспорт и врски доставуваше и информации за бројот на поведени и завршени прекршочни постапки, како и за резултатите од надзорот што согласно Законот за радиодифузна дејност беше во надлежност и на други институции. Од презентираните показатели беше евидентно дека, и покрај ажурноста на Советот, за целосно да се спроведува Законот за радиодифузната дејност, е неопходна поактивна улога и на другите надлежни институции кои согласно Законот се задолжени да вршат надзор врз радиодифузната дејност.

Имено, констатираната состојба при постапувањата на одредени судови, при што тие најчесто носеа решенија со кои се отфрлаа барањата на Советот за радиодифузија поради застареност, воопшто не впуштајќи се во решавање на предметите и во утврдување на фактичката состојба, како и нивната неажурност и бавност во постапувањето, придонесуваа да не се постигнува целта на казнувањето. Напротив, се постигнуваше спротивниот ефект - охрабрување на прекршителите на законот и понатаму да го прекршуваат, имајќи предвид дека казната нема да ги стигне. Согледувајќи дека само од навременото постапување на судовите, односно од нивната ажурност зависи колку ќе бидат ефикасни залагањата за ставање на работењето на субјектите во рамките на законот, Советот за радиодифузија, и во оваа насока презеде одредени активности, односно ги извести претседателите на одделни судови со цел да укаже на проблемите со кои се соочуваше.

Став на Советот е дека надзорот врз спроведувањето на Зконот за радиодифузната дејност може да биде ефикасен само со вклучување на сите надлежни институции кои од свој аспект спроведуваат надзор врз радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи. Во оваа насока, Советот ги посочи и:

- Управата за јавни приходи, која треба да врши редовен надзор од аспект на примената на фискализацијата кај овие субјекти како и од аспект на реалниот број на пријавени приклучоци кои ги пријавуваат операторите на јавните комуникациски мрежи;
- Агенцијата за електронски комуникации во делот на својата надлежност согласно Законот за електронски комуникации (која во однос на операторите на јавни комуникациски мрежи е значајна со оглед дека таа ги нотифицира овие субјекти);
- Министерството за транспорт и врски од аспект на легалноста на мрежите на операторите на јавни комуникациски мрежи;
- Пазарната инспекција од аспект на економските активности кои ги вршат овие субјекти вклучувајќи го и аспектот на заштитата на авторското и сродните права на пазарот, и

- Трудовата инспекцијата од аспект на легалноста на работните односи на лицата кои работат кај радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи.

Во редовните комуникации со институциите и со јавноста Советот истакна дека тој и понатаму останува отворен за соработка, сé со цел обезбедување на слободата и плурализмот на изразувањето за постоењето на разновидни, независни и самостојни медиуми, поттикнувајќи и обезбедувајќи економски и технолошки развој на дејноста, и заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност.

### 3.3 Ставови на Советот за иницијативата за измени на Законот за радиодифузната дејност и на Законот за електронските комуникации

На 28 декември 2006 година, Министерството за транспорт и врски до Владата на РМ достави информација за потребата од донесување нови закони за радиодифузната дејност и за електронските комуникации. Во образложението на овој документ, како главна цел на донесувањето на новите закони се наведуваше спојувањето на постојните регулаторни тела за електронски комуникации и радиодифузија (Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија), во едно ново регулаторно тело Агенција за електронски комуникации, радиодифузија и пошти. Ова јасно можеше да се констатира и од текстот на двата закона, бидејќи измените беа направени само во деловите кои се однесуваат на регулаторните тела. Потребата од измени на овие закони беше вградена како краткорочен приоритет и во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ[8] за 2007 година.

Текстот на двата закона не беше изработен во транспарентна постапка, со вклучување на сите релевантни субјекти од областа на радиодифузијата, така што Советот за радиодифузија немаше можност да ги изнесе своите мислења и аргументи во широк и демократски организиран процес на јавна расправа. Затоа, своите ставови и забелешки за содржината на двата закона, Советот ги изнесе во коментарите во врска со нацрт-текстот на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ што на 10 јануари 2007 година беа доставени до Владата на РМ и до Министерството за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски до Советот достави допис, дури на 21 март 2007 година, со барање своите забелешки на текстот на двата закона Советот да ги достави во рок од еден ден. Како одговор на ова барање, Советот до министерството достави начелни забелешки во врска со иницијативата, при што посебно нагласи дека не гледа оправдана причина за донесување нови закони, имајќи особено предвид дека Европската комисија даде позитивни оценки за новиот Закон за радиодифузната дејност и како приоритет ја нагласи неговата ефикасна имплементација.

Ставовите на Советот во врска со иницијативата за донесување на двата закона кои беа изнесени во повеќе документи, информации и соопштенија за јавност на Советот можат да се сублимираат во следното:

---

[8] Во текот на декември 2006 година, Советот беше вклучен во работната група за ревизија на текстот на НПАА за 2007 година, формирана при Министерството за транспорт и врски, но неговите мислења и ставови во врска со содржината на предложените законски измени не беа земени предвид.

- Спојувањето на регулаторните тела од областа на радиодифузијата и телекомуникациите треба да се одвива како еволутивен процес, кој треба да е условен првенствено од техничко-технолошкиот развој и од достигнатиот степен на технолошка конвергенција меѓу радиодифузијата, телекомуникациите и информатичките технологии во Република Македонија. Според тоа, конвергенцијата на регулаторната политика (која може да се спроведе или со спојување или со добра соработка на различните тела) треба да се случи како резултат на конвергенцијата на технологиите.

- Во развиените европски земји дигиталната конвергенција на телекомуникациите, медиумските содржини и електронските уреди е овозможена и поттикната од експанзијата на широкопојасниот Интернет. Во Македонија, развојот на широкопојасниот Интернет е се уште во зачеток[9]. Во програмата на Министерството за транспорт и врски донесувањето на Стратегијата за развој на широкопојасниот Интернет е планирано дури за 2008 година. Значи, технолошка конвергенција во Македонија се уште не постои, па оттаму регулаторната ковергенција може да се планира дури по периодот од пет години. Негативните искуства на некои европски земји укажуваат на тоа дека спојувањето не смее да биде резултат на административна одлука која може да доведе само до механичко спојување на „две тела под ист покрив", а не и да обезбеди суштински нов приод во регулирањето на дејноста.

- Советот посебно предупреди на тоа дека согласно одредбите содржани во предложените закони, Министерството за транспорт и врски, односно Владата, го преземаат целосниот надзор над спроведувањето на Законот за радиодифузната дејност и на тој начин воспоставуваат контрола врз радиодифузните медиуми, што е спротивно на сите европски документи и препораки и ќе значи чекор назад во развојот на оваа дејност.

- Европската комисија, во неколку прилики (вклучувајќи го и последниот состанок на Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика, одржан во Брисел, на 7-8 декември 2007 година) експлицитно нагласи дека, во овој период, приоритет е имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност и на Законот за електронските комуникации и дека е прерано да се говори за спојување на регулаторните тела, односно дека тоа би ги одвлекло регулаторите од спроведување на редовните активности за имплементација на двата закона, а токму поради тоа спојувањето може негативно да се одрази на регулирањето на дејноста. За таа цел, Европската комисија и сугерираше на Владата итно да направи само технички измени на Законот за радиодифузната дејност со цел да се интензивира неговата имплементација, а на покрупните измени на двата закона да се работи побавно и темелно.

[9] Според истражувањето спроведено од страна на агенцијата СММРИ - Скопје, во мај 2007 година, бројот на домаќинства кои поседуваат широкопојасен Интернет изнесувал околу 10%.

- Постојниот Закон за радиодифузната дејност е донесен врз основа на широк процес на јавна расправа во која учествуваа сите актери во радиодифузниот сектор, така што секоја негова промена и дополнување е прашање околу кое треба да се обезбеди најширок можен консензус. Според тоа, изработката на новите закони исто така треба да се одвива во транспарентна постапка која подразбира широк процес на консултации со сите заинтересирани субјекти (индустријата, потрошувачите, регулаторните тела), како и процес на планирање на евентуалното спојување, со темелни подготовки и транзиционен период меѓу донесувањето на неопходната легислатива и фактичкото спојување.

- Во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност посебно е разработено прашањето на развојот на радиодифузната регулатива, како од аспект на неопходните помали измени на Законот за радиодифузната дејност заради негово ефикасно спроведување, така и од аспект на натамошно усогласување со новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската унија. На конференцијата под наслов „Македонија се дигитализира - Регулаторни предизвици при дигитализацијата на радиодифузијата", одржана на 1 и 2 февруари 2008 година, во Струга, од претставничката на Европската комисија, беше нагласено дека Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси е новото аудиовизуелно ацљуис на Европската унија и дека Европската комисија во иднина ќе бара усогласување на домашното законодавство со овој документ. Таа, исто така, нагласи и дека „...еволутивниот приод е секогаш подобар од револуционерниот... дека при изработката на новата законска регулатива, појдовна точка треба да биде Стратегијата за развој на радиодифузната дејност..", во која се разработени сите потребни измени на регулативата со цел да се обезбеди натамошен развој на дејноста, а посебно во поглед на новите нелинеарни сервиси.

# 4 Надзор врз исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите

## 4.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите утврдени во Законот и во подзаконските акти

Во текот на 2007 година се реализирани 9 сеопфатни, однапред концепирани мониторинзи на телевизиските и на радио програмските сервиси, како дел од редовниот мониторинг што го спроведува Советот за радиодифузија. Во текот на спроведувањето на постапката на преод од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност беше реализиран посебен мониторинг на неделната програма на сите трговски радиодифузни друштва. Беа спроведени и поголем број специфични мониторинзи на квалитативните аспекти на одделни емитувани програми, од кои дел беа реализирани по пријави на граѓани или на други субјекти.

Мониторинзите кои меѓусебно се разликуваат според опфатот на медиумите, периодот (број на денови) во кој се врши контролното снимање и аспектот на програмата што се набљудува (квантитативен или квалитативен), имаа секогаш една иста цел, да се провери во која мера радиодифузерите ги почитуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност и од подзаконските акти.

*Редовен мониторинг на ТВ и на радио програмските сервиси*

Во јануари 2007 година беше реализиран еднодневен (24 часовен) мониторинг на телевизиските програмски сервиси што емитуваат програма на државно ниво. Со мониторингот беа опфатени Првиот и Вториот програмски сервис на јавниот радиодифузен сервис (МТВ), Телевизија А1, Телевизија Сител, Телевизија Алсат М, Телевизија Канал 5 и Телевизија Телма. Имајќи предвид дека исполнувањето на дел од законските обврски од страна на медиумите се однесуваат на емитуваната дневна програма, главен акцент со овој мониторинг беше ставен токму на таквите одредби: исполнувањето на процентот за емитување програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија и на исполнувањето на квотите за емитување вокално-инструментална музика на македонски јазик, односно на јазиците на немнозинските заедници. По истиот принцип и со истите цели, еднодневен мониторинг беше реализиран и во октомври 2007 година, при што повторно беа опфатени телевизиските програмски сервиси што емитуваат програма на државно ниво.

Во текот на февруари и март, исто како и кај телевизиските програмски сервиси, беше направен еднодневен (24 часовен) мониторинг над програмските сервиси на државно ниво што емитуваат радио програма. Во мониторингот беа вклучени четирите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис (Македонско радио - Прва програма, Македонско радио - Втора програма, Македонско радио - Трета програма и Македонско радио - Канал на етничките заедници) и трговските радиодифузни друштва: Радио Антена 5, Радио Канал 77 и Радио Рос. И во овој случај, целта на мониторингот беше да се констатираат прекршувањата на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, со акцент

на барањата кои медиумите треба да ги исполнуваат во дневно емитуваната програма. Со оглед на тоа дека станува збор за радио програма каде најголем дел од емитуваното време зафаќа музиката, посебно внимание беше посветено на исполнувањето на законски утврдените квоти за емитување вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници.

Паралелно со мониторингот на радио сервисите што емитуваат програма на државно ниво, во текот на февруари, март и април беше реализиран еднодневен мониторинг и на телевизиските програмски сервиси на локално ниво. Во текот на наведениот период, беа снимени и анализирани 24-часовните програми на 50 телевизиски станици, колку што во тој период емитуваа програма на локално ниво. Целта на мониторингот, како и кај телевизиските и радио сервисите што емитуваат програма на државно ниво, беше да се утврди во колкава мера се почитуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, со акцент на обврските што радиодифузерите треба да ги исполнат на дневно ниво.

*Мониторинг на неделната програма на ТВ и на радио програмските сервиси при преодот од концесии во дозволи*

Непосредно пред замената на концесиските договори на трговските радиодифузни друштва со дозволи за работа (јуни 2007 година), што беше обврска од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија спроведе мониторинг на неделната програма на трговските телевизиски сервиси што емитуваат програма на државно ниво: Телевизија А1, Телевизија Сител, Телевизија Канал 5, Телевизија Телма и Телевизија Алсат М. Мониторингот беше реализиран во текот на март, април и мај, а имаше за цел да се утврди структурата на неделната програма по видови емисии (жанровска класификација на емитуваната програма) на секој медиум поединечно. Распределбата по видови емисии е со цел да се утврдат форматите (општ, специјализиран) на телевизиските станици, како обврска за функционирање во иднина, согласно дозволата за работа.

Со овој мониторинг беа опфатени и двата телевизиски програмски сервиси на јавниот сервис (МТВ 1 и МТВ 2). Целта беше, врз основа на емитуваната структура на програмата, да се утврди каква функција (информативна, образовна, забавна) претежно исполнува секој од програмските сервиси и дали и во колкава мера ги исполнуваат обврските својствени за јавниот радиодифузен сервис, утврдени во Законот за радиодифузната дејност.

Мониторинг со истата задача, констатирање на повреди на Законот со посебен акцент на исполнување на обврските и функциите својствени за јавен сервис, повторно беше реализиран во последниот квартал од 2007 година. И тогаш беа опфатени Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на јавниот радиодифузер.

*Мониторинг на квалитативните аспекти на одделни програми на радиодифузерите*

Во текот на 2007 година, Советот за радиодифузија спроведе два поспецифични мониторинга кои покрај утврдување на квантитативни показатели, имаа за цел да се направи и квалитативна анализа на емитуваните содржини кои беа предмет на мониторингот. Првата квалитативна анализа се

однесуваше на централните вести на албански јазик што се емитуваат на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија. Анализата беше реализирана во периодот од 10 до 15 април, а се утврдуваше структурата на информациите по жанрови, застапеноста на институциите на власт во прилозите, застапеноста на општествените организации, на политичките партии и на меѓународните субјекти во вестите, структура на домашните и на странските информации по области и тн.

Со втората квалитативна анализа беа опфатени неколку емисии емитувани на Првиот програмски сервис на МТВ, Телевизија Сител, Телевизија Алсат М и Телевизија Скај Нет од Скопје. Целта на оваа анализа беше да се утврди дали емисиите содржат "говор на омраза" со кој се поттикнува или разгорува национална или верска омраза и нетрпеливост, што е спротивно на одредбите од член 69 од Законот.

Во последното тримесечие од годината беше спроведена анализа на вкупно 25 авторски емисии емитувани на телевизиските програмски сервиси на државно ниво. Цел на анализата беше да се констатира во која мера се почитуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на рекламирањето и спонзорството во жанровски различните емисии, како и почитувањето на одредбите од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ програмите.

Во текот на 2007 година беа спроведени повеќе ад-хок мониторинзи на конкретни емисии или делови од програмата, реализирани по констатација на Советот за радиодифузија за можни повреди на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти или по пријави добиени од граѓани, радиодифузери или други субјекти.

Така, Советот за радиодифузија реагираше до телевизиските програмски сервиси Канал 5 и Скај Нет за непочитување на дел од одредбите за рекламирање и спонзорство од Законот и од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ програмите, во рамки на емисиите "Мак ѕвезди" (Канал 5) и "Јади бурек" (Скај Нет).

До Телевизија Скај Нет, Советот за радиодифузија реагираше и по повод емисијата "Бразилско првенство со Рубенс Муратовски и Сашо Тасевски" поради недоличниот (вулгарен) говор на водителите при коментирањето на натпреварите од бразилското фудбалско првенство.

По реакција на засегнати субјекти, дека во програмите на ТВ Сител и ТВ Канал 5 не им е отстапен или им е отстапен несоодветен простор за остварување на правото на одговор и исправка, Советот за радиодифузија констатираше повреди на Законот и реагираше до наведените медиуми. Станува збор за емисијата "Спортско студио" што се емитува на Телевизија Сител, кадешто не му беше дадена можност за остварување на правото на одговор и исправка на претседателот на Фудбалската федерација на Македонија. Вториот случај се однесуваше на вестите на Канал 5, а засегнатата страна која реагираше до Советот беше Министерството за внатрешни работи.

Во врска со наградната емисија "Беттинг - влези во игра" емитувана на Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на МРТ, Советот за радиодифузија реагираше до посочените сервиси за емитувањето игра на среќа со обложување на спортски натпревари, имајќи предвид дека, согласно Законот, јавниот сервис на своите програми не може да организира или емитува ваков тип игри.

По пријава на радиодифузер од Куманово дека Телевизија Нова и Радио Сити од истиот град се поврзуваат во единствен систем за емитување заедничка

програма, Советот за радиодифузија спроведе мониторинг на термините во кои се врши поврзувањето и им укажа на радиодифузерите дека е неопходно, пред да започнат да емитуваат заедничка програма, да го известат Советот за тоа и да назначат заеднички уредник на програмата.

*Мониторинг на изборниот молк на предвремените избори во општина Сарај*

Советот за радиодифузија, во врска со одржувањето на предвремените избори за избор на градоначалник и членови на советот на општината Сарај, во деновите на изборниот молк 13 и 14 јануари, спроведе мониторинг на поголемиот број програмски сервиси на државно ниво (МТВ 1, МТВ 2, ТВ А1, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат М, Македонско радио - Радио Скопје, Македонско радио - програма на албански јазик и Радио Канал 77) и на следниве програмски сервиси на локално ниво: ТВ Ера, Радио Ват и Радио Арачина. Целта беше да се утврди колку наведените медиуми, при известувањето за изборниот процес и за текот на гласањето, ги почитуваат одредбите од Изборниот законик што се однесуваат на изборниот молк (член 74, став 3). Непосредно пред деновите од изборниот молк, до наведените медиуми беше испратено Упатството за изборниот молк, со цел да се потсетат што се, согласно Изборниот законик, претставува прекршување на молкот.

Со мониторингот, прекршувања на изборниот молк беа регистрирани само на програмските сервиси ТВ А1 и ТВ Канал 5. Имено, на 13 јануари, во рамки на вестите во 19.00 часот, ТВ А1 емитуваше изјави на Али Ахмети и Рафиз Алити од ДУИ, во врска со враќањето на т.н. "Хашки случаи" во надлежност на македонските судови. ТВ Канал 5, на 14 јануари емитуваше реприза на емисијата "Пирамида", во која еден од гостите беше Изет Меџити (ДУИ), градоначалник на општина Чаир.

Советот заклучи дека наведените прекршувања немаа влијание врз изборниот процес.

### 4.2 Видови прекршувања на Законот и на подзаконските акти и изречени мерки кон радиодифузерите

Со мониторингот е утврдено дека најголем дел од прекршувањата на Законот се однесуваат на одредбите за рекламирање од глава VII - рекламирање, телешопинг и спонзорство.

Најмногу повреди се констатирани по член 93, став 3 од Законот, што се однесува на времетраењето на рекламирањето (12 мин.) на еден реален час емитувана програма. По овој основ се изречени вкупно 27 мерки од кои 24 писмени опомени, две писмени опомени со барање да бидат објавени на програмите на радиодифузерите, а е изречена и една мерка - времена забрана за емитување реклами и телешопинг.

Поголем број прекршоци се регистрирани и на членовите 100, став 1 и 74, став 1, кои се однесуваат на недозволено емитување рекламни спотови во вести и други дневно-информативни програми, односно не емитувањето најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија. И по двата основа се изречени по 17 писмени опомени до радиодифузерите што не ги

почитувале споменатите одредби. По член 100, став 1 се упатени уште 4 писмени опомени со барање за објавување.

Со мониторингот, значителен број на прекршувања се регистрирани и на член 99, став 1, алинеја 4 (емисии кои не се состојат од независни делови, прекинувани со рекламни спотови, така што периодот меѓу секој следен блок со рекламни спотови е пократок од 20 минути), член 97, став 1 (емитување рекламни блокови кои не се јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства) итн. По член 99, став 1, алинеја 4 упатени се 14 писмени опомени кон исто толку медиуми и една мерка со барање да биде објавена на програмата на станицата, а по член 97, став 1 кон 11 радиодифузери е изречена мерка - писмена опомена и 2 мерки писмени опомени со барање да бидат објавени на програмите на самите медиуми.

Во целина, во текот на цела 2007 година, на трговските радиодифузни друштва им се изречени вкупно 185 мерки и тоа: 166 писмени опомени, 17 писмени опомени со барање за објавување и две времени забрани за рекламирање и телешопинг[10]. На јавниот радиодифузен сервис - МРТ, во 2007 година му се изречени вкупно 7 мерки - писмени опомени[11].

### 4.3 Предлози за спроведување инспекциски надзор

Врз основа на член 165 од Законот за радиодифузната дејност, според кој инспекциски надзор врз спроведувањето на одредбите од овој закон во поглед на почитувањето на авторското право и сродните права врши Министерството за култура, а во рамките на својата законска надлежност, утврдена во член член 37, став 1, точка 6 од истиот закон - да го информира органот надлежен за заштита на авторските и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите, Советот за радиодифузија, во 2007 година, до Министерството за култура на РМ достави вкупно два предлога за спроведување инспекциски надзор, и тоа кај следните радиодифузери: ТРД "ТВ Скај Нет Манчев" ДООЕЛ, Скопје, во врска со емитувањето подолги видео инсерти од програма произведена во МТВ и кај ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје, во врска со емитувањето делови од емисијата "Контакт" на хрватската телевизија "Нова ТВ".

Со оглед дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на РМ", бр.131/2007), се утврди инспекцискиот надзор врз спроведувањето на одредбите од Законот за авторското право и сродните права, по однос на дистрибуцијата и јавното соопштување на авторското право и сродните права односно на авторските дела и предметите на сродните права, да го врши Државниот пазарен инспекторат, по влегувањето во сила на овој закон, Советот за радиодифузија предлозите за спроведување инспекциски надзор ги доставува до Државниот пазарен инспекторат. Во 2007 година, до Државниот пазарен инспекторат Советот достави еден предлог за спроведување инспекциски надзор над работењето на трговското радиодифузно друштво "ТВ Скај Нет Манчев" ДООЕЛ, Скопје, поради емитувањето директен пренос од фудбалски натпревар од бразилското првенство.

---

[10] Показателите за изречените мерки на трговските радиодифузни друштва се презентирани на крајот од овој Извештај: Табела бр.1 - Писмени опомени, Табела бр.2 - писмени опомени со барање за објавување) и Табела бр.3 - Времени забрани за рекламирање и телешопинг (стр.55 - 60).

[11] Прегледот на изречени мерки на јавниот сервис е даден во Табела бр. 4 (стр.60).

# 5 Надзор врз работењето на јавните комуникациски мрежи

## 5.1 Регистрација на програмските пакети

Во врска со постапката за регистрирација на програмските сервиси кои субјектите ги реемитуваат преку јавна комуникациска мрежа, а со цел надминување на проблемот со кој се соочуваше Советот за радиодифузија при имплементацијата на член 109 од Законот за радиодифузната дејност ("Сл.весник на РМ", бр.100/05, бр.19/07), во 2007 година, Советот за радиодифузија ги продолжи активностите започнати во 2006 година по однос на ова прашање. Имено, на иницијатива на Советот за радиодифузија беа организирани неколку работни состаноци помеѓу Советот и Министерството за култура на РМ, кои резултираа со изнаоѓање одредено решение за содржината на потврдите за уредени авторски и други сродни права, и Министерството за култура на РМ пристапи кон нивно издавање.

Во 2007 година, Советот за радиодифузија издаде вкупно: 53 (педесет и три) потврди за регистрација на пакетите програмски сервиси на операторите на јавна комуникациска мрежа.

Исто така, Советот за радиодифузија во 2007 година, издаде вкупно: 9 (девет) - потврди број 2 и 1 (една) - потврда број 3, како дополнувања на веќе регистрираните пакети програмски сервиси во Советот.

## 5.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси на јавните комункациски мрежи

Во текот на 2007 година Советот за радиодифузија спроведе еден обемен мониторинг со којшто беа опфатени поголемиот дел од операторите на јавна комуникациска мрежа и повеќе ад-хок мониторинзи, во текот на целата година, со кои поединечно повторно беа опфатени поголемиот дел од операторите, најголем дел реализирани како контролни мониторинзи на претходно утврдените прекршувања и изречени мерки. Покрај по иницијатива на Советот за радиодифузија, дел од ад-хок мониторинзите беа реализирани по пријави од граѓани, радиодифузери, други оператори на јавна комуникациска мрежа или други засегнати субјекти.

Со мониторингот беше констатирано дека најголем дел од повредите на Законот за радиодифузната дејност се однесуваат на член 109, став 4, што значи дека голем дел од операторите на јавна комуникациска мрежа и по добивањето потврда од страна на Советот за регистриран пакет програмки сервиси, реемитуваа сервиси надвор од одобрениот пакет.

Мониторинзите покажаа дека дел од операторите продолжуваат да реемитуваат програмски сервиси со порнографски содржини и покрај претходно преземените мерки од страна на Советот.

Со мониторинзите, како прекршувања од страна на поголем број оператори, беа констатирани и повредите на член 82, став 2 (пренесување програмски сервиси што се титлувани на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, и не се титлувани на македонски јазик или на јазиците

на етничките заедници што не се во мнозинство), член 110 (пакетот програмски сервиси не ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис што се финансираат од радиодифузната такса) итн.

## 5.3 Изречени мерки и други преземени активности

*Налози за исклучување програмски сервиси*

Согласно член 109 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, преку јавна комуникациска мрежа се пренесуваат програмски сервиси на домашни и странски радиодифузери, врз основа на претходен договор за уредени авторски права и сродни права. Субјектите кои реемтуваат програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа се должни програмските сервиси да ги регистрираат во Советот за радиодифузија, врз основа на претходно доставена потврда за регулирани авторски и сродни права, издадена од Министерството за култура (член 109, став 2). Доколку операторите на јавна комуникациска мрежа извршат промена на регистрираниот пакет согласно член 109, став 3 од истиот закон, должни се да го известат Советот.

Советот за радиодифузија, врз основа на член 109, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, на операторите на јавна комуникациска мрежа им наложува исклучување на програмските сервиси за кои не ги исполнуваат погоре наведените законски услови. Во 2007 година се упатени 22 налози за исклучување на програмски сервиси до операторите на јавна комуникациска мрежа[12].

*Прекршочни постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа*

Советот за радиодифузија за констатираните прекршувања на Законот за радиодифузната дејност од страна на операторите на јавна комуникациска мрежа, констатирани при спроведените мониторинзи од страна на Советот, во 2007 година поведе вкупно 54 прекршочни постапки согласно член 37 став 1 точка 13 од истиот закон, од кои:

- за вршење радиодифузна дејност без дозвола - една прекршочна постапка;
- за пренесување програмски сервиси со порнографски содржини во некодиран облик - 12 прекршочни постапки;
- за титлување на програмски сервиси спротивно на член 82, став 2 - 10 прекршочни постапки;
- за непостапување по мерка - налог за исклучување на програмски сервиси - 15 прекршочни постапки;
- за непренесување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузна такса - 6 прекршочни постапки;

[12] Прегледот на изречените налози за исклучување програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи е даден во Табела бр.5, на стр. 61 од овој Извештај.

- за пренесување програмски сервиси на радиодифузери надвор од подрачјето за коешто тие имаат добиено дозвола за вршење радиодифузна дејност - 3 (три) прекршочни постапки, и

- за објавување информации на интерниот канал кои не се поврзани со функционирањето и услугите што ги обезбедува преку сопствената мрежа - 7 прекршочни постапки[13].

Од вкупно поведени 54 прекршочни постапки пред надлежните судови, во 2007 година, се завршени само 6 прекршочни постапки, а останатите 48 прекршочни постапки се во тек.

*Предлози за спроведување инспекциски надзор до Министерството за култура и до Државниот пазарен инспекторат*

Врз основа на член 165 од Законот за радиодифузната дејност, според кој инспекциски надзор врз спроведувањето на одредбите од овој закон во поглед на почитувањето на авторското право и сродните права врши Министерството за култура, а во рамките на својата законска надлежност, утврдена во член 37, став 1, точка 6 од истиот закон - да го информира органот надлежен за заштита на авторските и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите, Советот за радиодифузија во 2007 година достави вкупно 51 предлог до Министерството за култура, за спроведување инспекциски надзор кај операторите на јавна комуникациска мрежа за кои постоеја индиции дека реемитуваат програмски сервиси без уредени авторски и сродни права.

По однос на доставените предлози за спроведување инспекциски надзор од страна на Советот, Министерството за култура го извести Советот дека е спроведен инспекциски надзор кај еден субјект - "Б2. Нет" ДООЕЛ, Кичево (нелегален оператор), при што е утврдено дека правното лице не врши дејност реемитување на програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на РМ", бр.131/2007), Советот за радиодифузија во 2007 година до Државниот пазарен инспекторат достави еден предлог за спроведување инспекциски надзор кај Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги "Кејблтел" ДООЕЛ, Скопје.

Врз основа на член 165 од Законот за радиодифузната дејност, според кој инспекциски надзор во поглед на употребата на македонскиот јазик врши Министерството за култура, а во врска со прекршувањето на одредбите од член 82 став 2 од овој закон, односно за пренесувањето програмски сервиси што се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, а кои не се титлувани на македонски јазик, во 2007 година, Советот за радиодифузија достави еден предлог до Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор кај Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги "Кејблтел" ДООЕЛ, Скопје.

---

[13] Прегледот на поведените прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи е даден во Табела бр.6, на стр.61 од Извештајот.

*Известувања до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост при Владата на Република Македонија*

Имајќи ја во предвид надлежноста на Координативното тело за заштита на интелектуална сопственост, формирано при Владата на Република Македонија заради воспоставување координација во спроведувањето на заштитата на правата од индустриска сопственост и на авторското право и сродните права, Советот за радиодифузија во 2007 година достави вкупно три известувања до ова тело, со предлог за преземање мерки против операторите на јавна комуникациска мрежа за кои постоеја индиции дека реемитуваат програмски сервиси без уредени авторски и сродни права.

*Известувања до Агенцијата за електронски комуникации со предлози за преземање мерки против операторите на јавни комуникациски мрежи*

Во врска со нотифицираните субјекти во Агенцијата за електронски комуникации, кои вршат реемитување програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа без да ги регистрираат пакетите програмски сервиси во Советот, согласно член 109 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија, во 2007 година, достави вкупно три известувања до Агенцијата за електронски комуникации, со предлог истата да преземе мерки против овие субјекти согласно нејзините законски надлежности.

*Ургенции до судови*

Имајќи ги предвид се почестите пресуди донесени од страна на судовите, со кои се запираат прекршочните постапки поведени од страна на Советот, поради настапување на застареност за прекршочно гонење, во 2007 година Советот за радиодифузија упати четири ургенции до основните судови: Скопје 1, Скопје 2, Тетово и Штип, како и една претставка до Судскиот Совет на Република Македонија.

# 6 Економско работење на радиодифузерите

## 6.1 Показатели за целиот радиодифузен сектор

Економското работење на радиодифузерите во 2006 година беше сеопфатно обработено во рамките на Анализата на пазарот на радиодифузната дејност, што Советот ја изработи како основа на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.

За трговските радиодифузни друштва беа користени податоците што тие ги доставија до Советот во текот на постапката за усогласување на договорите за концесија, односно преминот од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност. Валидноста на податоците беше проверена со податоците од завршните сметки и Извештајот за мислење со бонитет за конкретното трговско радиодифузно друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија.

Податоците за економското работење на јавниот радиодифузен сервис беа добиени од Извештајот за работа на МРТ за 2006 година, како и од податоците што МРТ му ги достави на Советот за потребите на анализата.[14]

Во текот на 2006 година, вкупно остварените приходи во целиот радиодифузен сектор изнесувале 1.722.278.390,00 денари од кои 37.9 отство остварил јавниот сервис, а 62.1 отсто комерцијалните радиодифузери.

| Структура на остварените приходи во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Приходи од радиодифузна такса | 283.724.155,00 | 16.5% |
| Приходи од реклами | 977.861.436,00 | 56.8% |
| Приходи од спонзорства | 8.068.798,00 | 0.5% |
| Приходи од донации | 38.322.058,00 | 2.2% |
| Приходи од продажба на програма | 4.789.173,00 | 0.3% |
| Други приходи | 409.512.770,00 | 23.7% |
| Вкупно: | 1.722.278.390,00 | |

Истата година, во радиодифузниот сектор биле остварени трошоци во вкупен износ од 1.797.572.087,00 денари, од кои 39.1 отсто кај јавниот сервис, а 60.9 отсто кај приватниот сектор.

| Структура на остварените трошоци во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Трошоци за производство на програма | 672.588.827,00 | 37.4% |
| Трошоци за купување на програма | 299.611.528,00 | 16.7% |
| Плати, надоместоци и сл. | 461.132.026,00 | 25.7% |
| Други трошоци | 364.239.706,00 | 20.3% |
| Вкупно: | 1.797.572.087,00 | |

[14] Во 2006 година, на пазарот се уште функционираа и 29-те локални јавни радиодифузни претпријатија кои вршеа дејност согласно Законот за радиодифузната дејност од 1997 година, но овие субјекти не беа опфатени со анализата на пазарот бидејќи согласно член 173 од Законот за радиодифузната дејност (Сл. весник на РМ бр. 100/05), на 29 мај 2006 година, Советот за радиодифузија донесе одлука за нивна трансформација преку процес на приватизација.

Остварениот финансиски резултат од работењето на радиодифузерите во 2006 година е загуба во износ од 84.148.183,00 денари, при што и јавниот и приватниот сектор оствариле негативен финансиски резултат.

Анализирани се и податоците за вкупните инвестиции во дејноста како и вкупната пасива. Во 2006 година во радиодифузниот сектор за инвестиции се издвоени вкупно 240.223.239,00 денари а вкупната пасива изнесува 2.264.901.990,00 денари.

Вкупниот број на вработени во секторот изнесува 1.805, од кои 1.138 лица се во редовен работен однос во јавниот сервис, а 667 кај трговските радиодифузни друштва.

## 6.2 Јавен радиодифузен сервис - Македонска радиотелевизија

Согласно член 116 од Законот за радиодифузната дејност, МРТ се финансира од радиодифузната такса, од рекламирање, спонзорство, донации, продажба на програма и услуги и од средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за тековната година. Иако најзначајниот извор на приход за јавниот сервис треба да биде радиодифузната такса, сепак, во анализираната година најголемо учество во вкупниот приход имале другите нетипични приходи. Се работи за средствата што согласно член 178 од Законот беа обезбедени од Буџетот на РМ, како надомест за ненаплатената радиодифузна такса во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на Законот. Во текот на 2006 година, процентот на наплата на радиодифузната такса бележеше континуирано опаѓање, достигнувајќи 0,1 отсто во јуни, поради што, уделот на овие приходи, во вкупните приходи на МРТ, изнесувал 43,43%. Рекламирањето како извор на приход на МРТ учествувало со удел од 6,81 отсто, додека пак приходи од спонзорства и донации, во 2006 година, јавниот сервис воопшто не остварил.

| Структура на остварените приходи во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Приходи од радиодифузна такса | 283.724.155,00 | 43,43% |
| Приходи од реклами | 44.487.310,00 | 6,81% |
| Приходи од спонзорства | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од донации | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од продажба на програма | 0,00 | 0,00% |
| Други приходи | 325.024.330,00 | 49,76% |
| Вкупно: | 653.235.795,00 | 100% |

Во вкупните трошоци на МРТ во 2006 година, најголемо учество (46,1%) имаат трошоците за плати и надоместоци на вработените, а потоа трошоците за производство на програмата (38,98%). Трошоците наменети за купување на програма од туѓо производство зафаќаат мал удел во вкупните трошоци на МРТ и изнесуваат 12,42%.

| Структура на остварените трошоци во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Трошоци за производство на програма | 274.258.488,00 | 38,98% |
| Трошоци за купување на програма | 87.404.187,00 | 12,42% |
| Плати, надоместоци и сл. | 323.699.431,00 | 46,01% |
| Други трошоци | 18.246.625,00 | 2,59% |
| Вкупно: | 703.608.731,00 | 100,00% |

Во 2006 година МРТ остварила загуба во износ од 50.374.331,00 денари. Истата година, за инвестиции, и тоа за студиска опрема и простор, во јавниот сервис биле издвоени 26.216.605,00 денари. Вкупната пасива на МРТ во 2006 година изнесувала 632.119.813,00 денари.

## 6.3 Комерцијален сектор - трговски радиодифузни друштва

Во 2006 година, на пазарот на терестријално емитување работеа вкупно 123 комерцијални субјекти, од кои 8 (5 телевизии и 3 радија) на национално и 115 (50 телевизии и 65 радија на локално ниво). Трговските радиодифузни друштва, во 2006 година, сеуште работеа врз основа на договорите за концесија склучени согласно Законот за радиодифузната дејност од 1997 година, според кој средствата за своето работење ги обезбедуваа првенствено од емитувањето економско-пропагандни пораки и комерцијални програми, а дополнителни средства можеа да остваруваат и од продажба на сопствена видео, аудио и филмска продукција, како и од организирање концерти, јавни музички и сценски претстави и други содржини во рамките на својата дејност.

| Структура на остварените приходи во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Приходи од реклами | 933.374.126,00 | 87.31% |
| Приходи од спонзорства | 8.068.798,00 | 0.75% |
| Приходи од донации | 38.322.058,00 | 3.58% |
| Приходи од продажба на програма | 4.789.173,00 | 0.45% |
| Други приходи | 84.488.440,00 | 7.90% |
| Вкупно: | 1.069.042.595,00 | |

Најголемо учество во вкупните приходи на комерцијалниот сектор имаат приходите од рекламирање (87,31%), што е очекувано имајќи предвид дека овој вид приход е од примарно значење за нивното работење. Сепак, висината на оваа ставка е веројатно нереална, бидејќи од мониторингот на Советот е констатирано дека спонзорирањето на програмите е честа практика кај комерцијалните радиодифузери. Причина за ова е главно фактот што дел од приходите остварени од спонзорство радиодифузерите ги евидентираат како приходи од рекламирање. Во другите приходи на радиодифузерите, кои во вкупните приходи зафаќаат 7,9%, се евидентирани различните категории 'нетипични' приходи за вршење на радиодифузната дејност: средствата од радиодифузната такса добиени за радио или телевизиски проекти од јавен интерес, камати, закупнини, позитивни курсни разлики и др. По основ на донации, комерцијалниот сектор остварил вкупен приход од 38.322.058,00 денари, што изнесува 3,58% во вкупните приходи.

| Структура на остварените трошоци во 2006 година | | |
|---|---|---|
| Трошоци за производство на програма | 398.330.339,00 | 36,41% |
| Трошоци за купување на програма | 212.207.341,00 | 19,40% |
| Плати, надоместоци и сл. | 137.432.595,00 | 12,56% |
| Други трошоци | 345.993.081,00 | 31,63% |
| Вкупно: | 1.093.963.356,00 | |

Најголемо учество во вкупните трошоци на комерцијалниот сектор имаат трошоците за производство на програма (36,41%). Трошоците за купување програма претставуваат значајна ставка што радиодифузерите треба да ја издвојат за да обезбедат поквалитетна понуда, особено кога станува збор за странска играна, забавна и спортска програма. Сепак учеството на овој вид трошоци во вкупните трошоци е релативно мало (19,40%). Во други трошоци се евидентираат трошоците за потрошена електрична енергија, вода, телефонски услуги, кирии, закупнини, службени патувања, амортизација на основните средства, трошоци за храна и превоз на вработените, трошоци за службени патувања, отпишани побарувања и друго. Дел од овие трошоци реално се направени за производство на програма, но радиодифузерите неоправдано ги евидентираат како други трошоци.

Резултат од работењето на комерцијалниот сектор во 2006 година

| | Приходи | Трошоци | Остварен резултат |
|---|---|---|---|
| ТРД на национално ниво | 810.880.106,00 | 821.345.128,00 | 17.192.377,00 |
| ТРД на локално ниво | 258.162.489,00 | 272.618.228,00 | 16.581.475,00 |
| Вкупно: | 1.069.042.595,00 | 1.093.963.356,00 | 33.773.852,00 |

Остварениот негативен финансиски резултат кај комерцијалните радиодифузери се должи пред се на големата загуба што во 2006 година ја прикажала ТВ Алсат и тоа во износ од 47.029.595,00 денари. Покрај ТВ Алсат, од националните радиодифузери во загуба работела само уште ТВ Канал 5, додека останатите три национални приватни телевизии и трите радија работеле со добивка.

Во приватниот сектор во 2006 година за инвестиции биле издвоени вкупно 214.006.634,00 денари, од кои 134.459.179,00 кај националните радиодифузери, а 79.547.455,00 денари кај локалните.

Вкупната пасива кај комерцијалниот сектор изнесувала 1.632.782.177,00 денари, од кои 80.35 отсто отпаѓаат на националните радиодифузери, а 19.65 отсто на локалните.

Во анализираната година бројот на вработени во приватниот радиодифузен сектор изнесувал 667 лица. Од тоа, во приватните национални радиодифузери биле вработени 365, а во сите локални 302 лица.

## 6.4 Споредбени показатели за работењето во 2005 и 2006 година

Вкупните приходи остварени во дејноста во 2006 година, во однос на претходната, бележат апсолутен раст од 409.709.733,00 денари. Позитивен тренд покажуваат вкупните приходи и кај јавниот и кај комерцијалниот сектор. Особено висока стапка на раст се забележува кај приходите од рекламирање, кои во однос на 2005 година пораснале за 73.5 отсто.

Приходи на радиодифузните субјекти - 2005/2006 година

| Радиодифузни субјекти | Вкупно остварени приходи | | Индекс 2006/2005 |
|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | |
| МРТ | 634.354.031,00 | 653.235.795,00 | 102.98 |
| Приватен сектор | 678.214.626,00 | 1.069.042.595,00 | 157.63 |
| Вкупно: | 1.312.568.657,00 | 1.722.278.390,00 | |

Трошоците на јавниот сервис во 2006 година се намалиле за 7.4 отсто, но целата дејност бележи зголемување на вкупните трошоци за 22 отсто, пред се поради зголемувањето на трошоците на приватниот сектор за 53.4 отсто.

Трошоци на радиодифузните субјекти - 2005/2006 година

| Радиодифузни субјекти | Вкупно остварени приходи | | Индекс 2006/2005 |
|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | |
| МРТ | 760.081.942,00 | 703.608.731,00 | 92.57 |
| Приватен сектор | 652.686.848,00 | 1.093.963.356,00 | 167.61 |
| Вкупно: | 1.412.768.790,00 | 1.797.572.087,00 | |

Вкупната загуба на јавниот сервис во 2006 година е речиси два пати помала во однос на 2005 година, што се должи пред се на буџетската субвенција исплатена на МРТ како надомест за преодниот период од шест месеци по донесувањето на новиот Закон за радиодифузната дејност, до воспоставувањето на новиот систем на наплата на радиодифузната такса.

Остварен резултат од работењето - 2005/2006 година

| Радиодифузни субјекти | Остварен резултат од работењето во 2005 година | | Остварен резултат од работењето во 2006 година | |
|---|---|---|---|---|
| | добивка | загуба | добивка | загуба |
| МРТ | | 125.727.911,00 | | 50.374.331,00 |
| Приватен сектор | 11.997.448,00 | | | 33.773.852,00 |
| Вкупно: | | 113.730.463,00 | | 84.148.183,00 |

Во 2005 година три приватни телевизии на национално ниво работеле со позитивен резултат (А1, Сител и Телма) и нивната вкупна добивка изнесувала 7.836.833,00 денари, додека другите две (Алсат М и Канал 5) работеле со загуба во вкупен износ од 42.349.210,00 денари. Загубата на овие две ТВ станици заедно со загубата на јавниот сервис (МТВ), придонесува вкупната загуба на ТВ пазарот во 2005 година да достигнува износ од дури 103.679.680,00 денари. Така, крајниот вкупен резултат на сите телевизии на национално ниво за таа година е негативен и изнесува загуба од 95.842.847,00 денари.

ТВ станици на национално и на локално ниво - резултат од работењето 2005/2006

| | Остварен резултат од работењето во 2005 година | | Остварен резултат од работењето во 2006 година | |
|---|---|---|---|---|
| | добивка | загуба | добивка | загуба |
| Национални ТВ | 7.836.833,00 | 103.679.680,00 | 26.243.197,00 | 67.697.255,00 |
| РЕЗУЛТАТ | | 95.842.847,00 | | 41.454.058,00 |
| Локални ТВ | 4.501.076,00 | 21.902.998,00 | 7.112.898,00 | 22.443.911,00 |
| РЕЗУЛТАТ | | 17.401.922,00 | | 15.331.013,00 |

Во 2006 година, добивката на трите телевизии на национало ниво кои оствариле позитивен финансиски резултат и во претходната година, бележи пораст и изнесува 26.243.197,00 денари, при што најголема е добивката на ТВ Сител (85,0% од вкупната добивка). Загубата, пак, на другите три телевизии на национално ниво повеќе се должи на загубата на Алсат М и Канал 5 (од кои само Алсат М покажува загуба од 47.029.595,00 денари), отколку на јавниот

сектор, бидејќи МТВ истата година бележи загуба во висина од 15.355.399,00 денари.

Во 2005 година 33 приватни телевизии на локално ниво бележат позитивен, 13 негативен резултат од работењето, додека 4 воопшто не доставиле податоци. Оние кои бележат добивка имале вкупен позитивен резултат во висина од 4.501.076,00 денари, додека оние кои оствариле загуба, бележат вкупен негативен резултат од 21.902.998,00 денари. Така, финансискиот резултат на сите приватни телевизии на локално ниво е загуба од 17.401.922,00 денари.

Во 2006 година, 31 телевизија на локално ниво работела со добивка, а 15 работеле со загуба. Вкупната добивка на првата група локални ТВ станици изнесувала 7.112.898,00 денари, додека вкупната загуба на останатите 15 изнесувала 22.443.911,00 денари. Четири локални приватни телевизии не доставиле финансиски податоци за своето работење за 2006 година.

Радио станици на национално и на локално ниво - резултат од работењето 2005/2006

| | Остварен резултат од работењето во 2005 година | | Остварен резултат од работењето во 2006 година | |
|---|---|---|---|---|
| | добивка | загуба | добивка | загуба |
| Национални РА | 13.265.687,00 | 64.397.441,00 | 8.906.282,00 | 35.017.538,00 |
| РЕЗУЛТАТ | | 51.131.754,00 | | 26.111.256,00 |
| Локални РА | 3.130.707,00 | 4.051.412,00 | 2.733.489,00 | 3.983.951,00 |
| РЕЗУЛТАТ | | 920.705,00 | | 1.250.462,00 |

Во радио секторот на национално ниво, и во двете анализирани години, крајниот резултат од работењето е остварена загуба што се должи само на згубата на Македонското радио бидејќи приватните радио станици во континуитет работеле со добивка. Имено, трите приватни радија на национално ниво, и во 2005 и во 2006 година, остваруваат позитивен финансиски резултат, при што нивната вкупна добивка изнесува 13.265.687,00 денари во 2005 и 8.906.282,00 денари во 2006 година.

Во 2005 година добивката е распределена помеѓу Антена 5 (речиси три четвртини) и Канал 77 (речиси една четвртина), додека Рос Радио остварило мала добивка. Наредната, 2006 година, Антена 5 повторно бележи најголема финансиска добивка (која е сепак за 50% помала од претходната година), добивката на Канал 77 во апсолутна вредност останува речиси на исто ниво, додека онаа на Радио Рос продолжува да се намалува. Вкупната добивка на трите национални приватни радија е помала отколку во 2005 година за некаде околу 30,0%.

Приватните радија на локално ниво изминатите години остваруваат негативен вкупен финансиски резултат, кој од година во година расте и за само три години се зголемува речиси од 428.743,00 денари на 1.250.462,00 денари, што претставува зголемување за речиси три пати.

Во 2005 година, 29 приватни локални радија остваруваат добивка, која изнесува 3.130.707,00 денари, додека пак, 21 локално приватно радио има вкупна загуба во износ од 4.051.412,00 денари. Во 2006 година дури 37 субјекти остваруваа позитивен финансиски резултат (2.733.489,00 денари добивка), па заедно со 16 радија кои работат со загуба (3.983.951,00 денари) прават вкупниот резултат на сите приватни локални радија да е негативен и тој изнесува загуба од 1.250.462,00 денари.

# 7 Сопственичка структура на трговските радиодифузни друштва

## 7.1 Карактеристики на сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва

Согласно членот 20 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите се должни најмалку еднаш годишно да ги објавуваат податоците за сопственичката структура, со цел да се обезбеди транспарентност на сопственоста која е мошне важна ако се има предвид влијанието што медиумите, а особено телевизијата, го имаат врз формирањето на јавното мислење. Транспарентноста на сопственичката структура е исто така важна од аспект на следењето на медиумската концентрација и затоа, радиодифузерите се обврзани за сите промени во сопственоста да го известуваат Советот за радиодифузија, а за оние со кои се менуваат над 10% од основната главнина, да бараат и согласност од Советот.

Податоците за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва[15] беа обезбедени во текот на постапката за усогласување на договорите за концесија, односно на премин од концесии во дозволи за вршење радиодифузна дејност, што Советот ја спроведе во првата половина на 2007 година. Кон пријавата за усогласување, радиодифузерите беа должни до Советот да достават и тековна состојба на соодветното трговско друштво издадена од Централниот регистар на Република Македонија. Врз основа на овие податоци Советот ги ажурираше постоечките прегледи за основачите, со процент на учество во капиталот на друштвото.

Податоците за сопственичката структура на комерцијалните ТВ станици на национално ниво покажуваат дека три ТВ станици се во сопственост на физички лица, а две на трговски друштва од кои едната е компанијата Макпетрол АД Скопје, која се занимава со производство и трговија на нафта и нафтени деривати и други производи, а другата е Монтеко, која се занимава со трговија на различни производи.

Од трите радио станици на национално ниво, две се во сопственост на физички лица, а една (Канал 77) ја поседува трговско друшто со ограничена одговорност (ГБЦ Комуникации), кое е во сопственост на едно физичко лице.

Од 11 ТВ станици во Скопје, кои согласно новиот закон добија дозволи за емитување на регионално ниво, седум се во сопственост на физички лица, а четири на правни лица, од кои три имаат целосна сопственост на станиците. Само во сопственоста на една скопска ТВ станица (ТВ Ера), доминатен удел има странска медиумска компанија (Балкан Медиа Груп Лимитед), која учествува во сопственоста и на други ТВ станици во балканскиот регион. Друга ТВ станица во која посредно е инвестиран странски капитал е ТВ Алфа од Скопје, која е во целосна сопственост на трговското друштво Алфа-Скоп ДООЕЛ Експорт-Импорт Скопје. Од вкупно 16, 14 радио станици од Скопје се во сопственост на едно или повеќе физички лица, а само кај две (Радио Ват и Радио Равел) во сопственоста фигурираат трговски друштва.

Од ТВ станиците на локално ниво, само четири се во сопственост на правни лица. Од нив само една е поголема производствена компанија која има

[15] Прегледот на податоците за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва е даден во Табела бр.7, 8, 9 и 10, на стр. 63 - 66 од овој Извештај.

речиси целосна сопственост над локалната станица ТВ Ирис од Штип. Сите други ТВ станици се во сопственост на едно или повеќе физички лица.

Кај сите радио станици на локално ниво, со исклучок на една, во сопственоста фигурираат едно или повеќе физички лица.

### 7.2 Промени во сопственичката структура во 2007 година

Согласно член 17 од Законот, радиодифузерите се должни за секоја промена на сопственичката структура да го известат Советот. За оние промени кои го надминуваат прагот од 10% во основната главнина, радиодифузерите се должни да поднесат барање за одобрение за промена на сопственичката структура.

Во текот на 2007 година, до Советот беа поднесени 3 барања за промена на сопственичката структура и тоа од: Радио Ват од Скопје, Радио Рос од Скопје и Канал 5 Телевизија од Скопје.

Од страна на Радио Ват побарана беше согласност за целосно истапување на основачот - правното лице Трговско друштво за производство, трговија, посредување и застапување ВАТ-ИНОС Мујадин ДООЕЛ увоз-извоз од Скопје и пристапување на физичките лица Екрем Кадри од Скопје, и Рахим Кадри од Скопје.

Од страна на Канал 5 Телевизија беше побарана согласност за целосно истапување на основачите - правните лица Печатница БС ДООЕЛ од Скопје и Металсивас ДОО од Скопје и пристапување на физичкото лице Емил Стојменов од Скопје, со учество од 100% во основачкиот влог на трговското радиодифузно друштво.

Од страна на Радио Рос беше побарана согласност за целосно истапување на основачите - физичките лица Дејан Дилески и Жарко Јанкоски и пристапување на физичките лица Миле Ѓошевски од Скопје и Дарко Гелев од Скопје.

Во сите три случаи, откако Советот констатираше дека поднесеното барање е уредно и комплетно, како и дека за планираната промена на сопственичката структура не постојат пречки од аспект на одредбите на глава III од Законот, беше донесена одлука за давање одобрение за промена на сопственичката структура.

До Советот беше доставено и едно известување за промена на сопственичка структура и тоа од Радио Блета од Тетово, според кое од сопственичката структура на радиодифузерот истапило лицето Бујар Треси од Тетово. Единствен основач на радиодифузерот останува физичкото лице Африм Рамадани од Тетово.

# 8 Радио и телевизиски програми од јавен интерес

Согласно Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр.100/05), кој стапи на сила на 29.11.2005 година, не е предвидено натамошно објавување огласи за финансирање програми од јавен интерес, вработените добија нови задолженија во согласност со надлежностите и обврските произлезени од новиот Закон за радиодифузната дејност и новиот Правилник на Советот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите. Покрај новите задолженија вработените кои претходно беа ангажирани во Единицата за програми од јавен интерес продолжија да работат на спроведување на постапките по Одлуките за финансирање програми од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва и независните продуценти од средствата на радиодифузната такса од Шестиот и Седмиот оглас. Активностите опфаќаат: Склучување договори за финансирање; Раскинување на договорите за обезбедување; Ажурирање на постапката за исплата на средствата според предвидените услови; Следење на проектите што се во фаза на реализација; Стручна продуцентска и драматуршка помош во реализацијата на проектите; Усвојување на завршените проекти и анализа од аспект на жанровската структура, тематската ориентација, видот на продукција, субјектот на продукцијата/продуцентот и др.; Координација на активностите во врска со техничкиот преглед на проектите; Дистрибуција на завршените проекти до трговските радиодифузни друштва и други субјекти со цел нивно умножување и понатамошно емитување.

Од дистрибуцијата на програмите од јавен интерес, во периодот кој го опфаќа овој извештај, бележиме зголемиот интерес на регионалните радиодифузери на територијата на градот Скопје за емитување на телевизиски програми од јавен интерес. Исто така, за користење на програмите од јавен интерес до Советот се обратија голем број институции, невладини и граѓански здруженија. Советот позитивно одговори на барањата за користење и обезбеди копии на програмите од јавен интерес, каде што сметаше дека тоа придонесува за афирмација на самите програми.

Во извештајниот период Советот склучи 70 договори за финасирање програми од јавен интерес. Во периодот на 2007 година вкупно се реализирани и прифатени од Советот 137 први копии наменети за емитување од програмите од јавен интерес од кои 68 радио програми и 69 телевизиски програми.

# 9 Други активности на Советот

## 9.1 Активности на Советот за воспоставување на наплатата на радиодифузната такса

Согласно членот 145 од Законот за радиодифузната дејност (Сл.весник бр.100/05) средствата за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа, за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ, се обезбедуваат од радиодифузната такса, која има карактер на јавна давачка. Од средствата од радиодифузната такса се финансираат: ЈП Македонска радиотелевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија.

Системот на наплата на радиодифузната такса, воспоставен со Законот за радиодифузната дејност од 1997 година, во првите четири години даваше добри резултати, за потоа наплатата на таксата да почне да бележи опаѓање[16], што се должеше главно на две причини: (1) Електростопанство на Македонија не беше доволно заинтересирано за спроведување ефикасна наплата на таксата, со аргументација дека оваа обврска се одразува на наплатата на електричната енергија; и (2) опаѓање на квалитетот на програмите на МРТ и голема конкуренција од приватните ТВ станици и кабелски мрежи поради што граѓаните почнаа да покажуваат отпор кон плаќање на оваа обврска.

Имајќи ја предвид ваквата состојба и особено фактот што во текот на 2005 и 2006 година се најавуваше приватизација на ЕСМ, со новиот Закон за радиодифузна дејност од ноември 2005 година, овој модел се напушти и обврската за водењето на регистарот и за наплата на таксата се врати на Македонската радиотелевизија. За востановувањето на новиот систем на наплата, на МРТ и беше даден период од шест месеци односно најдоцна до 31 мај 2006 година МРТ требаше да го воспостави овој систем. Во преодниот период од шест месеци, до воспоставувањето на новиот систем на наплата, средствата за работењето на МРТ, МРД и Советот за радиодифузија, требаше да бидат обезбедени од Буџетот на РМ, во износ што е еднаков на разликата меѓу реално наплатените средства и 80% од вкупно проектираниот износ при стопостотна наплата на таксата.

МРТ не ги презема навремено сите неопходни мерки и активности за да се имплементира моделот на наплата воспоставен со новиот Закон: во МРТ не беше возобновен, екипиран и опремен Секторот за наплата на радиодифузната такса[17]; не беше востановен точен и сеопфатен регистар на обврзници туку како база на податоци, механички и без претходна проверка, беа преземени регистрите на ЕСМ (за физички лица) и на Централниот регистар на РМ (за правни лица)[18]; не беше изработен соодветен апликативен софтвер за следење, контролирање и надградба на регистарот на обврзници; не беше донесен

---

[16] Во 1997 година процентот на наплата изнесуваше 75,77%, во 1998 - 75,80%, во 1999 - 74,92%, во 2000 - 76,33%, додека во 2001 - 54,15%, во 2002 - 59,20%, во 2003 - 53%, во 2004 - 56,42% и во 2005 - 46,89%.

[17] Овој сектор беше формиран кон крајот на 2006 година или цела година по влегувањето во сила на новиот Закон за радиодифузната дејност, а до крајот на 2007 година се уште не беше екипиран и опремен со соодветни човечки ресурси, финансиски средства и техничка опрема.

[18] Пропустите и грешките во неажурираниот регистар подоцна се манифестираа на следниов начин: се јавуваа двојни, тројни или повеќекратни решенија за ист обврзник, беа доставувани решенија на починати лица, голем број решенија беа доставувани на неточни адреси и др.

никаков Правилник на МРТ со утврдени критериуми за ослободување од плаќање на радиодифузната такса по различни основи, како и соодветен контролен систем за веќе ослободени обврзници и за пријавување нови; и др. Напорите на МРТ во овој период беа главно насочени кон изнаоѓање надворешен правен субјект кој би ги реализирал сите активности околу наплатата, што се покажа како неуспешен потфат бидејќи по објавениот повик, понуди доставија само два субјекта (Македонски пошти и Кредит експрес) чии понуди беа за вршење само дел од активностите - за печатење и доставување на решенијата, а не и за водењето и ажурирањето на регистерот на обврзници. Договор беше склучен со Македонски пошти само за печатење и дистрибуција на извршните решенијата. Целиот зафат беше реализиран дури во јуни 2006 година. Поради ова, решенијата беа испечатени и дистрибуирани со задоцнување, и тоа само до дел од обврзниците бидејќи регистарот не беше навремено обновен и ажуриран.

Ова е првата причина што влијаеше наплатата на таксата во втората половина на годината драстично да опадне. Другата причина беше тоа што Владата на РМ, неколку месеци последователно, најавуваше дека ќе ја намали висината на радиодифузната такса со измени во Законот за радиодифузната дејност, што влијаеше врз голем број граѓани да не ја плаќаат оваа јавна давачка.

До крајот на 2006 година МРТ не презема никакви нови активности за востановување на новиот систем на наплата на таксата, а не беа испечатени и дистрибуирани дури ни решенијата на обврзниците со кои се утврдува висината на таксата и начинот на плаќање, заедно со месечните уплатници. Поради тоа, почнувајќи од јануари 2007 година наплатата на радиодифузната такса воопшто не се спроведуваше, со што целосно се доведе во прашање функционирањето на Македонската радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, но и на другите корисници на средствата од таксата - Македонската радиодифузија и Советот за радиодифузија.

Имајќи ја предвид ваквата ситуација, Советот за радиодифузија покрена иницијатива за решавање на овој проблем. Со поддршка на Советот на Европа и мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, од 19 до 22 февруари 2007 година, во Скопје престојуваше правен консултант од Кралството Холандија, кој одржа неколку работилници со претставници на Македонската радиотелевизија, Македонската радиодифузија и Советот за радиодифузија и состаноци со претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања. Холандскиот експерт го претстави моделот на финансирање на холандскиот јавен радиодифузен сервис и, посебно, причините поради кои почнувајќи од 2000-та година Холандија ја укина претплатата и ја вгради во општиот даночен систем. Во анализата изработена по завршувањето на експертската посета, правниот експерт нагласи дека, според негово мислење, „...ситуацијата е сериозна и може да предизвика директна закана за постоењето на јавниот радиодифузен сервис на Република Македонија". Идентификувајќи ги клучните проблеми, на крајот од својата анализа тој дава неколку препораки и насоки за нивно итно решавање.

Врз основа на согледувањата од одржаните работилници и состаноци и насоките дадени во анализата, на иницијатива на Советот за радиодифузија е формирана Работна група составена од претставници на сите три субјекти, која усвои заеднички ставови и предложи конкретни заклучоци и мерки за итно воспоставување на системот на наплата на радиодифузната такса. Овие ставови,

заклучоци и мерки, што му беа доставени на работоводниот орган на МРТ, на 26 март 2007 година, се сублимирани во следново:

- Трансформацијата на Македонската радиотелевизија во вистински јавен сервис спаѓа во врвот на приоритетите што Република Македонија треба да ги исполни како земја кандидат за членство во Европската унија. Состојбата во која се наоѓа Македонската радиотелевизија е повеќе од алармантна, а генератор на таа состојба е проблемот со нејзиното финансирање. Потполниот крах на системот на финансирање што кулминираше во текот на изминатите неколку години се заканува да ја загрози иднината на МРТ и на радиодифузниот систем во целина;

- Во вакви услови, МРТ нема никакви шанси да фати приклучок во претстојната ера на дигитализација, која како обврска е поставена пред сите членки на Европската унија до 2012 година. Поради застарената техничко-технолошка структура, МРТ нема да биде компатибилна со европските радиодифузни системи и организации и ќе се најде во своевиден радио-телевизиски мрак;

- Постојното решение во Законот за радиодифузната дејност со кое се регулира финансирањето на субјектите во радиодифузниот сектор нуди добра основа за ефикасно, рационално и долгорочно обезбедување материјална основа за остварување на законските и програмските задачи на ЈП Македонска радиотелевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија и од тие причини ова решение не треба да се менува. Во рамките на ова законско решение треба да се бараат креативни модалитети со кои ќе бидат отстранети постојните слабости и ќе биде зајакната ефикасноста во наплатата на радиодифузната такса;

- Македонската радиотелевизија како носител на обврската за прибирање на радиодифузната такса треба да го зајакне Секторот за наплата на радиодифузната такса. За да функционира на високо професионално и ефикасно ниво овој сектор треба да биде целосно екипиран во кадровска, финансиска и техничка смисла. На целата територија на Република Македонија треба да се стават во функција постојните деловни пунктови за наплата на радиодифузната такса и да се планира отворање нови, таму каде ќе биде потребно;

- Секторот за наплата на радиодифузната на МРТ такса треба да го ажурира и доградува единствениот регистер на физички и правни лица, како база на податоци врз чија основа ќе се врши наплатата на радиодифузната такса, да го редефинира поимот на семејно домаќинство и да изврши нова категоризација на правните лица;

- МРТВ да организира и спроведе медиумска кампања со која во пошироката јавност ќе ја реафирмира потребата за исполнување на обврската на граѓаните и правните лица кон радиодифузната такса како јавна давачка;

- Владата на РМ треба да се информира за заедничкиот став на СРД, МРТ и МРД и да се побара нејзино активно учество во разрешувањето на проблемот со наплата на радиодифузната такса.

Меѓутоа, и покрај донесените заклучоци на заедничкото тело, членовите на работоводниот орган на МРТ не преземаа конкретни чекори за нивна реализација. Согледувајќи ја алармантната состојба во поглед на наплатата на радиодифузната такса, Советот за радиодифузија, на својата седница одржана на 6 јуни 2007 година, расправаше за причините поради кои не се спроведува член 147 од Законот за радиодифузната дејност и заклучи за своите ставови да го информира Собранието на РМ.

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на РМ, по доставениот материјал на Советот за радиодифузија, расправаше на седницата одржана на 25 јуни 2007 година, и ги повика трите субјекти кон итно преземање координирани мерки и заедничка акција за најитно подигнување на процентот на прибирањето на таксата. Со заклучокот на собраниската комисија, МРТ се задолжува доследно и целосно да ја извршува законската обврска во поглед на прибирањето на таксата за што треба да обезбеди адекватни инструменти, вклучителмо и обновување на претходно угасениот Сектор за наплата на радиодифузната такса.

И покрај сите овие активности, во текот на цела 2007 година, наплатата на радиодифузната такса воопшто не се реализираше. Кон крајот на годината, МРТ склучи договор со Македонска пошта за печатење и дистрибуција на извршните решенија на обврзниците, меѓутоа најголем дел од решенијата на семејните домаќинства (физичките лица) не биле воопшто доставени, такашто МРТ покрена постапка за раскинување на овој договор. Овие извршни решенија се однесуваа на 2007 година, а за наредната година година МРТ воопшто не презеде активности за печатење и дистрибуција, така што проблемот со наплатата на таксата продолжува и во 2008 година.

## 9.2 Следење на наплатата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност

Трговските радиодифузни друштва, заклучно со јуни 2007 година, плаќаа надоместок за концесија за вршење радиодифузна дејност. Согласно потпишаните концесиски договори надоместокот се плаќаше на Агенцијата за електронски комуникации (59% од надоместокот) и Буџетот на РМ (41% од надоместокот).

Согласно новиот Закон за радиодифузната дејност (Сл.весник на РМ бр.100/05 и 19/2007), во првата половина на 2007 година се спроведе постапката за усогласување на договорите за концесија склучени согласно Законот за радиодифузната дејност од 1997 година и се премина на режим на дозволи за вршење радиодифузна дејност.

По спроведувањето на оваа постапка, на 12-та седница на Советот за радиодифузија, одржана на 29 мај 2007 година, беа доделени вкупно 114 дозволи за вршење на радиодифузна дејност и тоа:

- 5 дозволи за телевизија на државно ниво
- 3 дозволи за радио на национално ниво
- 11 дозволи за телевизија на регионално ниво (за подрачје на Скопје )
- 16 дозволи за радио на регионално ниво (за подрачјето на Скопје)
- 37 дозволи за телевизија на локално ниво и
- 42 дозволи за радио на локално ниво.

Во јули 2007 година Советот додели и една дозвола за вршење радиодифузна дејност за непрофитно радио на подрачјето на Скопје. Според тоа, вкупниот број доделени дозволи за вршење радиодифузна дејност за ТВ и за радио, по 1 јуни 2007 година, изнесуваше 115.

Дозволата за вршење на радиодифузна дејност на трговските друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува на временски период од девет години. За дозволата се плаќа годишен надоместок на сметка на Советот за радиодифузија. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година, во рок од 15 дена од денот на издавањето на фактурата, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата. Покрај надоместокот за дозволата се плаќа и годишен надоместок за користење на радиофреквенции на Агенцијата за електронски комуникации, пресметан согласно со Законот за електронски комуникации.

Висината на надоместокот на дозволата се определува согласно формулата утврдена во член 60 од Законот за радиодифузната дејност. Основни параметри за пресметка на надоместокот за дозвола се бројот на населението во сервисната зона предвидена со дозволата, БНП по жител (според последните податоци од Државниот завод за статистика), како и коефициентот за форматот на радиодифузниот сервис. Утврдувањето на форматот на програмските сервиси се врши согласно Законот за радиодифузната дејност ("Сл.весник на РМ"бр.100/05 и 19/2007), Правилникот за форматите на радио и телевизиските програмски сервиси ("Сл.весник на РМ" бр.113/2006, 130/06 и 61/07).

На сите имател на дозволи им беше доставен документ за плаќање на годишниот надоместок, за периодот од 29 мај 2007 година заклучно со 28 мај 2008 година. Во роковите за плаќање кои беа определени од страна на Советот за радиодифузија вкупно 112 радиодифузери го платија надоместокот во целост (111 трговски друштва и непрофитната установа). Според тоа, процентот на наплата на годишниот надоместок за дозвола за вршење радиодифузна дејност изнесува 97,28%.

Три трговски радиодифузни друштва ("ТВ Тоска"ДОО од Скопје, "Монако-Радио Сити ФМ" ДООЕЛ и "Аљбана"ДООЕЛ од Куманово) не го платија надоместокот за дозвола ниту во рокот утврден во дозволата, ниту во дополнителните рокови определени од страна на Советот за радиодифузија. Од таа причина, на 27-та седница на Советот, одржана на 17 декември 2007 година, врз основа на член 37, став 1, точки 2 и 5 и член 63, став 1, алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, беше донесена Одлука за одземање на доделената дозвола за вршење на радиодифузна дејност на наведените три (3) трговски радиодифузни друштва.

Вкупниот број на иматели на дозволи за вршење на радиодифузна дејност, на крајот на 2007 година, изнесува 112 (111 трговски радиодифузни друштва и една непрофитна установа).

## 9.3 Работилници со радиодифузерите за примена на Законот и на подзаконските акти

Советот за радиодифузија, во периодот од 10-19 септември 2007 година, организираше неколку работилници за вработените во медиумите да се запознаат со суштината на подзаконските акти коишто Советот ги усвои во текот на 2006 и 2007 година, а со цел да придонесе за нивна ефикасна примена. Беа одржани вкупно 8 (осум) работилници. Од нив, пет беа одржани во Струмица,

Штип, Гостивар, Охрид и Битола со радиодифузерите што зрачат програма на локално ниво на овие подрачја. Останатите три работилници беа одржани во просториите на Советот за радиодифузија со радиодифузерите кои зрачат програма на подрачјето на Скопје и Куманово и со радиодифузерите на државно ниво.

Во рамките на работилниците, на радиодифузерите им беше презентирана и содржината на текстот на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, односно насоките за развој, целите од јавен интерес во радиодифузијата, а посебен акцент беше ставен на претстојниот процес на дигитализација на радиодифузијата.

## 9.4 Следење на процесот на трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија

Советот за радиодифузија, во текот на 2007 година, ги финализираше активностите околу спроведувањето на процесот на трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија, согласно член 173 од Законот за радиодифузна дејност. Согласно одлуката на Советот донесена на 29 мај 2006 година, јавните радиодифузни претпријатија беа должни, во рок од шест месеци од донесувањето на одлуката, да ја извршат предложената трансформација, или заклучно со 29 ноември 2006 година. Во спротивно, тие треба да бидат избришани од регистарот, а нивниот имот и обврски да ги превземе Република Македонија.

Веднаш по изминувањето на законски утврдениот рок, Советот ја извести Владата на Република Македонија за потребата од превземање активности со цел спроведување на членот 173, став 5 од Законот за радиодифузната дејност (допис бр. 03-3195/1 од 18.12.2006 година). Меѓутоа, со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр.19/07), рокот за трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија беше продложен за уште шест месеци. Ова значеше дека тие трансформацијата требаа да ја завршат заклучно со 29 мај 2007 година, по што оние кои нема да се трансформираат ќе бидат избришани од регистарот, а нивниот имот и обврски ќе ги превземе Република Македонија.

По изминувањето на законскиот рок, на 29 мај 2007 година, Советот за радиодифузија побара информација од Министерството за економија за тоа кои локални јавни радиодифузни претпријатија ја извршиле трансформацијата. Министерството за економија го извести Советот дека само четири локални јавни радиодифузни претпријатија го завршиле процесот на трансформација (од Кавадарци, Валандово, Свети Николе и Охрид), како и дека во постапка при Комисијата на Владата на РМ е донесувањето решенија за приватизација на уште шест субјекти (од Струмица, Кичево, Штип, Гевгелија, Тетово и Пробиштип). Во известувањето беше наведено и дека локалното јавно радиодифузно претпријатие од Дебар е во судски спор за деловниот простор во кој работи радиото, поради што разгледувањето на документацијата ќе биде одложено до пресудата, дека за локалното јавно радиодифузно претпријатие од Куманово е во тек објавувањето јавен повик за продажба на идеален дел од радиото (по добиеното решение од Комисијата на Владата на РМ за приватизацијата и мислењето на Министерството за економија), и дека за локалното јавно радиодифузно претпријатие од Прилеп е покрената стечајна постапка.

За целокупната состојба околу трансформацијата на локалните јавни радиодифузни претпријатија, Советот ги извести Владата на РМ, Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за финасии, со цел и овие инстититуции да ги отпочнат соодветните активности, согласно своите надлежности. Исто така, Советот ги извести и четирите трансформирани субјекти, по завршувањето на регистрацијата во Централниот регистар да се обратат до Советот, со цел да им биде издадена дозвола за вршење радиодифузна дејност.

# 10 Соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и организации

*Соработка на Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации*

Соработката помеѓу Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации беше продлабочена со потпишување на Меморандумот за соработка меѓу двете регулаторни тела. Потпишувањето на овој меморандум потврди дека ефикасното спроведување на системот на регулација на двете регулаторни тела претпоставува мултирегулаторен, односно мултиинституционален пристап, низ конвергенција на ингеренции, активности и постапки, заеднички координарани од Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации. Потпишувањето на овој меморандум ги даде и потребните претпоставки за започнување на активностите за формирање на Националното координативно тело за дигитализација, кое ќе функционира како помошно тело во процесот на дигитализација, а ќе биде формирано од страна на двата регулатора, со понатамошно вклучување на сите релевантни субјекти.

*Соработка на Советот за радиодифузија и Комисијата за заштита на конкуренцијата*

Во август во Советот за радиодифузија беа одржани работилници со екперт од Германија, ангажиран со поддршка на Твининг проектот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, на кои претставници на двете регулаторни тела разговараа за облиците на соработка што произлегуваат од законските надлежности на двете тела. На работилниците беше разработен и текстот на Меморандумот за соработка на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Советот за радиодифузија што беше потпишан во септември 2007 година.

Врз основа на потпишаниот Меморандум, двете регулаторни тела започнаа заеднички активности со цел да се истражи, констатира и санкционира евентуалното нарушување на конкуренцијата во случаите во кои постојат индикации за недозволена медиумска концентрација.

*Кординативно тело за рекламирање, телешопинг и спонзорство*

Координативното тело за рекламирање, телешопинг и спонзорство беше формирано со цел преку отворени дискусии на експертите и други субјекти од релевантната област да му помогне на Советот во согледувањето на различни и посеопфатни аспекти на прашањата од областа на рекламирањето, телешопингот и спонзорството. Првиот состанок на ова тело се одржа во декември 2007 година на тема "Политичко рекламирање надвор од период на изборна кампања: аспекти кои треба да се регулираат", имајќи предвид дека Законот за радиодифузната дејност не содржи одредби за ваквиот вид рекламирање. Од состанокот произлегоа следниве заклучоци:

- јасно да се означи платеното политичко рекламирање како такво;
- јасно да се означи нарачателот на политичкиот спот;
- негативното политичко рекламирање не придонесува за подигнување на нивото на политичка култура, а со тоа и за развојот на демократијата во општеството;
- децата да се заштитат од влијанието на платеното политичко рекламирање така што ќе има општа забрана за емитување политичко рекламирање во детските емисии;
- да се размисли за начини за заштита на одредени групи во општеството (пр. на хендикепираните лица) од злоупотреба во политичко рекламирање.

*Проект за подобрување на изборниот процес*

Советот за радиодифузија со свој претставник учествуваше во работната група формирана во рамките на Проектот за подобрување на изборниот процес и надминување на изборните нерегуларности, кој беше спроведен од страна на граѓанската асоцијација МОСТ, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и Министерството за правда на Република Македонија.

Со цел да се обезбеди посилна институционална и законска рамка како и ефикасно и ефективно спроведување на делот од сопствената законска надлежност во изборниот процес, своите предлози за измена на Изборниот законик, Советот ги даде во делот на Законикот - Финансирањето на изборната кампања. Притоа, предлозите кои ги даде Советот наидоа на севкупен консензус од сите членови на работната група и истите целосно беа вградени во предлогот за измена на Законикот.

*Физибилити студија за оценување на капацитетите на националната метеоролошка служба*

Советот за радиодифузија како одговор на Прашалникот потребен за изработка на физибилити студија за утврдување и насочување на активностите кон оценување на капацитетите на националната хидрометеоролошка служба до Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски на РМ достави податоци за емитувањето информации за временската состојба и предупредувања во врска со состојбата на патиштата, снабдувањето со електрична енергија и слично на телевизиските програмски сервиси на државно ниво.

*Коментари по Второто мислење на Советодавниот комитет на Советот на Европа за РМ по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства*

Министерството за надворешни работи на Република Македонија, до Советот за радиодифузија го достави Второто мислење на Советодавниот комитет на Советот на Европа за РМ во однос на имплементацијата на Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства (РКНМ), со барање за евентуални коментари и исправки со објаснувања. Со оглед на тоа што констатациите од Второто мислење, во делот за пристапот на етничките заедници до медиумите, од регулаторен аспект точно ја отсликуваат актуелната

состојба, а препораките се однесуваат пред се на медиумите и медиумските професионалци, Советот за радиодифузија немаше никакви забелешки по текстот на Второто мислење на Советодавниот комитет на Советот на Европа за РМ.

*Мислење за Предлог националната стратегија за превенција на проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохол 2005-2008 година*

По барање од Министерството за здравство на РМ, Советот изработи мислење за Предлог националната стратегија за превенција на проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохол 2005-2008 година и во делот на радиодифузијата предложи како субјекти за кои ќе важи забраната за рекламирање алкохолни пијалоци, со исклучок на вино и пиво да се наведат субјектите во однос на кои Советот има законски надлежности; да се наведе конкретниот член од Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр.100/05) во однос на кој ќе се врши засилен надзор и носител на активноста да биде Советот.

# 11 Меѓународна соработка

## 11.1 Соработка со Европската комисија

Како и во изминатите години, така и во текот на 2007 година, Советот за радиодифузија активно учествуваше во работата на состаноците што се организираат во рамките на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и во други активности поврзани со соработката со Европската комисија.

На 14 јуни 2007 година, во Брисел се одржа четвртиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Прашањата поврзани со радиодифузната дејност беа разгледувани во рамките на точката 5.5.2 - Регулаторна реформа во областа на електронските комуникации и аудиовизуелната политика. Од страна на Советот за радиодифузија беа презентирани информации за активностите на Советот остварени во првата половина од 2007 година: преодот од концесии во лиценци, усвојувањето на подзаконските акти за имплементација на Законот, подготовките за изработка на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност и др. Покрај тоа, Европската комисија беше посебно информирана за проблемот со наплатата на радиодифузната такса поради кој може да се доведе во прашање работењето и независноста на јавниот сервис и на регулаторното тело. Советот ја информираше Европската комисија и за ставовите на Советот во врска со иницијативата на Владата на РМ за измени на Законот за радиодифузната дејност и Законот за електронските комуникации со кои се планира спојување на регулаторните тела, односно за тоа дека спојувањето треба да се одвива по еволутивен и природен пат и дека, всушност, најголемата промена во предложените законски измени е „укинувањето" на Советот за радиодифузија. Од страна на Европската комисија, на овој состанок, беше повторно нагласено дека Законот за радиодифузија, донесен во 2005 година, е во голема мера хармонизиран со аудиовизуелното acquis на Европската унија и поради тоа, Европската комисија бара овој закон да претставува почетна основа за сите натамошни активности за измени на регулативата. Европската комсија, исто така, нагласи дека обезбедувањето на независноста на регулаторните тела и на јавниот радиодифузен сервис е од клучно значење во идниот развој на целата област.

На 10 декември 2007 година, во Брисел се одржа и четвртиот состанок на Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика. На овој состанок, од страна на Европската комисија беше нагласено дека во областа на радиодифузијата во РМ, во период од една година, се направени низа позитивни чекори, а особено беше поздравено усвојувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност. ЕК, исто така, изрази задоволство од фактот што, од октомври 2007 година, Советот започна со интензивна имплементација на Законот за радиодифузна дејност. Позитивно е оценето и тоа што Советот успеа да обезбеди наплата на надоместокот од дозволи и што добива средства барем од овој извор на финансирање. ЕК изрази посебна загриженост поради неуспехот во собирањето на радиодифузната такса и финансиската состојба во јавниот сектор и истакна дека тоа е одговорност на државата. Во однос на спојувањето на АЕК и СРД, Европската комисија побара прво да се заврши со хармонизацијата на законодавството, а потоа со техничка помош обезбедена преку програмата TAIEX да се преиспита одлуката и да се одлучи како би се

реализирало евентуалното спојување. Неопходно е независноста на радиодифузниот регулатор да се обезбеди пред, за време и по донесувањето на новата законска регулатива. Уште еднаш беше нагласено дека процедурата на избор на Советот за радиодифузија утврдена со постојниот Закон за радиодифузна дејност е една од најдемократските процедури на избор на регулаторните тела од областа на радиодифузијата. Беше изразено задоволство од фактот што Владата на РМ ги прифати коментарите и загриженоста на Европската комисија во поглед на обезбедувањето на независноста на регулаторите.

Советот за радиодифузија на Република Македонија на 30 мај 2007 беше домаќин на Специјалниот претставник на Европската Унија за Република Македонија и шеф на делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија, амбасадорот Ерван Фуере. Амбасадорот на средбата беше информиран за активностите на Советот во правец на спроведување на Законот за радиодифузна дејност. Амбасадорот Фуере изрази задоволство од прогресот на Советот остварен во многу области на радиодифузијата, а особено во врска со преминот од концесии во дозволи и од напредокот во изработката на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност. На состанокот, амбасадорот Фуере, нагласи дека ќе се заложи за зачувување и зајакнување на независноста на Советот за радиодифузија како регулаторно тело во областа на радиодифузијата.

## 11.2 Соработка со Советот на Европа и со ОБСЕ

*Активности за прифаќање на македонската*
*Листа со настани од големо значење*

Македонската Листа со настани од големо значење првпат се разгледуваше на 41-от состанок на Постојаниот комитет за прекугранична телевизија кој се одржа во октомври 2006 година. Одговорите на македонската делегација поврзани со процедурата околу составување на Листата, Постојаниот комитет ги прифати и ги оцени како комплетни, меѓутоа, бидејќи РМ не беше во можност да достави податоци за гледаноста на настаните од листата, Комитетот побара Македонија со други видови податоци да се обиде да ја докаже релевантноста на овие настани за публиката. Комплетните истражувања беа испратени во декември 2006 година. Откако одговори на сите дополнителни прашања поврзани со овие истражувања и други аспекти поврзани со настаните од Листата, Советот за радиодифузија во април 2007 година, испрати ревидирана листа со настани од големо значење. Секретаријатот побара мислење од Правниот оддел на Советот на Европа за ефектите од процедурата за прифаќање на листата пропишани во член 9а од Конвенцијата, посебно во однос на правата на трети страни кои потенцијално би биле погодени од одлуката на Постојаниот комитет за прифаќање на листата. Во правното мислење се заклучува дека постојниот член 9а став 2 од Конвенцијата предизвикува голема правна несигурност и можно одземање на правото на правда на имателите на права кои сметаат дека им е наштетено со примената на механизмот за заемно прифаќање. Ова, според нив, е спротивно на принципите промовирани од Советот на Европа, посебно во однос на правото на ефикасен правен лек, согласно член 13 од Европската конвенција за човековите права. Во правното

мислење се сугерира да се искористи престојното ревидирање на Конвенцијата за промена на членот 9а.

Советот за радиодифузија во консултација со Секретаријатот на Постојаниот комитет бараше на 42-от состанок на Комитетот да се дискутира за можностите за продолжување на процедурата и покрај правните пречки во Конвенцијата. Па така, македонската листа се најде на дневен ред и на овој состанок кој се одржа на 8-ми и 9-ти октомври 2007 година во Стразбур, Франција. Постојаниот комитет по разгледување на неколку можни решенија, заклучи да ги ревидира член 9а од Конвенцијата и Насоките за примена на член 9а, а во однос на македонската Листа, имајќи ја предвид постојната правна несигурност во однос на примената на член 9а став 2, одлучи да се воздржи од давање формално мислење за Листата, без тоа да има штетно влијание врз содржината на листата и нотифицираните мерки.

*Мислење за амандманите на Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа*

Советот за радиодифузија во име на Република Македонија, како страна потписничка на Европската конвенција за прекугранична телевизија, до Постојаниот комитет на Конвенцијата достави Мислење за предложените амандмани за ревизија на Конвенцијата. При изготвувањето на мислењето Советот имаше предвид дека Конвенцијата треба колку што е можно да е поусогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската унија со цел да се обезбеди еднаква регулаторна политика во однос на аудиовизуелните медиумски сервиси во Европа. Исклучок од ова се неколку содржински разлики во текстот на Конвенцијата, кои Советот реши да ги поддржи. Така, за Советот е поприфатлива пошироката дефиниција за аудиовизуелни комерцијални комуникации од Конвенцијата, затоа што ги опфаќа и другите форми на рекламирање, освен економскиот маркетинг, односно ги опфаќа и формите на политичко рекламирање. Потоа, иако македонскиот Закон за радиодифузната дејност во однос на концептот за емитување европски аудиовизуелни дела е усогласен со Директивата, за Советот е прифатлив и новиот концепт за поттикнување на производството и дистрибуцијата на аудиовизуелни дела што го нуди Конвенцијата, односно во квотите за аудиовизуелни дела да влегуваат делата од сите земји, страни на Конвенцијата, што значи и од земји кои не се од Европа. Советот, исто така, генерално го поддржува и предлогот од Конвенцијата што е вграден во делот "Соработка меѓу страните", за тоа дека регулаторно тело од една држава пред да издаде овластување за аудиовизуелен медиумски сервис насочен кон друга држава, треба да побара мислење од регулаторното тело од државата каде што се наоѓа целната публика. Меѓутоа, Советот смета дека со цел да не се наруши концептот на слободно прекугранично емитување, регулаторот од државата што ја издава дозволата треба само да го извести регулаторното тело во друга држава дека издал таква дозвола.

Врз основа на искуството на Република Македонија од процесот на евалуација на македонската листа со настани од големо значење, Советот достави забелешки и за Насоките за имплементација на членот 9а. Поконректно, Советот е на мислење дека треба да се направат промени, односно појаснувања во делот на процедурата за подготовка на листата и во однос на критериумите за квалификување на некој настан како "настан од големо значење".

*Соработка со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија*

На 10 април 2007 година Советот го посети амбасадорот Џорџо Радикати, шеф на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје. Посетата резултираше со потпишување на меморандум за разбирање меѓу Советот за радиодифузија на Република Македонија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Меморандумот значеше продолжување на претходно воспоставената соработка и регулирање на прашањето за консултантска и материјална помош од ОБСЕ, пред сѐ во насока на подготовка на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007-2012 година.

## 11.3 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА)

Во извештајниот период Советот за радиодифузија учествуваше во работата на две средби на Европската платформа на регулаторни тела и на заедничката работилница на ЕПРА и Европската регулаторна група (ЕРГ).

25-та средба на Европската платформа на регулаторни тела се одржа од 16 - 19 мај 2007 година, во Прага, Чешка. Советот учествуваше во работата на пленарната сесија посветена на Независноста на регулаторните тела и на препораките на Советот на Европа, како и на работилниците посветени на следните теми: Новите прашања за рекламирањето и поделен екран, Медиумска концентрација и плурализмот и Проценка на успешноста во работата на јавните радиодифузни сервиси.

Советот за радиодифузија на Република Македонија учествуваше во работата на 26-та средба на Европската платформа на регулаторни тела која се одржа од 3 - 5 октомври 2007 година, во Софија. Првата пленарна сесија, беше посветена на предизвиците од новата Директива за аудио-визуелни медиумски сервси, која ја заменува Директивата "Телевизија без граници", преку анализа претставена од страна на Др. Волфганг Шулц од Институтот "Ханс-Бредов" од Германија. Од страна на членките на ЕПРА, особено внимание беше посветено на предизвиците со проширувањето на обемот на регулација со новата Директива, од радиодифузијата на двата типа на аудиовизуелните медиумски сервиси, линеарни и нелинеарни, беа покренати прашањата на јурисдикција, соработката на регулаторите и улогата на Европската комисија, предизвиците за рекламирањето, како и на разликите помеѓу новата Директива и Европската Конвенцијата за прекугранична телевизија. Во рамките на оваа средба беа обработени и следните теми: Новите правила за изложување продукти во програмите и нивна имплементација, Сегашниот статус и проблемите со примената на дигиталната телевизија и радио, Технички и практични аспекти на мониторингот.

Заедничката работилница на Европската платформа на регулаторни тела и Европската регулаторна група (ЕРГ) во чија работа учествуваше Советот се одржа на 18 и 19 октомври 2007 година во Капри, Италија. На работилницата беа разгледани аспектите на конвергенцијата во Европа и нејзиното влијание врз пазарот и врз корисниците.

## 11.4 Експертски посети во Советот за радиодифузија

Во периодот од 19-ти до 22-ри февруари 2007 година, Советот организираше експертска мисија за решавање на проблемот со наплата на

радиодифузната такса. Мисијата беше организирана во соработка со локалната канцеларија на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Скопје. Целта на мисијата беше да се разговара за повеќе прашања поврзани со актуелната состојба на наплатата на радиодифузната такса, да се идентификуваат клучните проблеми и да се преземат неопходните активности за решавање на проблемот. На иницијатива на Советот за радиодуфузија, Советот на Европа го посочи господинот Едгар Ламертсе, висок правен советник од Министерството за култура, образование и наука на Кралството Холандија, како експерт кој може да помогне околу овие прашања.

Господинот Едгар Ламертсе одржа средби со членовите и стручната служба на Советот, со Заменик-Министерот за транспорт и врски, со претставници на Министерството за финансии и на Секретаријатот за законодавство, а беше остварена и заедничка средба со директорот на Македонската радио-телевизија, претставници на Управниот одбор на МРТВ и директорот на Македонската радиодифузија. Покрај ова, експертот одржа работилници со претставници на Македонската радио-телевизија, Македонската радиодифузија и Советот за радиодифузија, чија цел беше да се разговара за мислењата на овие субјекти за сегашаната состојба и можните краткорочни и долгорочни решенија. Господинот Ламертсе на крајот од својата експертска мисија одржа прес конфереција на која упати апел до сите чинители да вложат напор и добра волја за надминување на постојната состојба на јавната радиодифузија, за што е потребна инвестиција во персонал, финансиски средства и време. По завршувањето на својата експертска мисија господинот Ламертсе достави комплетен извештај до Советот за радиодифузија и до Канцеларијата на ОБСЕ. Од страна на експертот, покрај останатото беа идентификувани два главни приоритети за надминување на проблемот со наплатата на радиодифузната такса: (1) постојното законско решение е добро и потребно е отстранување на техничките пропусти кои оневозможуваат брз и ефикасен систем на наплата; (2) по исцрпувањето на можностите кои ги нуди актуелниот Закон, да се пристапи кон подготовка на нов модел на финансирање на јавниот радиодифузен сервис и на останатите корисници и на соодветен начин на наплата.

Во Советот за радиодифузија, преку поддршка на програмата TAIEX на Европската комисија, од 11-ти до 13-ти јули 2007 година, престојуваше госпоѓа Лиза ди Феличиантонио, Раководител за радиодифузија во Директорат за анализа на пазарот и конкуренцијата, при италијанското регулаторно тело за комуникации "AGCOM". Ова е продолжение на првата експертска мисија, исто така организирана со поддршка на Европската комисија, која се одржа во декември 2006 година. Целта на оваа посета беше да се обезбеди експертска помош на Советот за Стратегијата за развој на радиодифузна дејност чија изработка е во завршна фаза. Задачата на госпоѓа Ди Феличиантонио е да направи оценка на анализата на пазарот која е прва фаза и прв дел на Стратегијата како и да даде свои мислења и коментари во однос на другите сегменти на Стратегијата: Развојот на новите технологии и сценариото за дигитализација, Плурализмот и разновидноста на програмските содржини и Развојот на новата легислативна рамка.

Госпоѓата Ди Феличеантонио на крајот од својата посета, на средбата со новинарите истакна: "Советот досега има направено исклучително добра работа особено во областа на економската анализа и не се сомневам дека со поддршка на сите општествени чинители ќе имате добар стратешки документ, кој во целост е подготвен самостојно со сопствените експерти". Во текот на

експертската мисија се одржа нов циклус работилници и состаноци организирани со членовите на работната група за изработка на Стратегијата, како и со сите други субјекти од медиумскиот и невладиниот сектор чија дејност е поврзана со радиодифузијата.

## 11.5 Друга меѓународна соработка

Во организација на Советот на Европа и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на 01 и 02 Октомври 2007 година, во Скопје се одржа Конференција за иднината на радиодифузните регулаторни тела во Југоисточна Европа под наслов: „Конвергирани медиуми - конвергирани регулатори?". На Конференцијата учествуваа претставници од различно организирани регулатори од земјите членки на ЕУ, како и Советот за радиодифузија на Република Македонија. Во заклучоците од Конференцијата беше нагласено дека Европската комисија нема преференци за една од структурите наспроти другата, дека не постојат барања за ова според законодавството на Европската унија, а ваквиот став преставува одлука на земјите членки. Таа исто така ја нагласува важноста на независноста на регулаторните тела и во случај на спојување на телата особено е важна независноста пред, за време и после спојувањето. Во оваа насока, соработката помеѓу регулаторните тела на национално, регионално и евопрско ниво е витален фактор за имплементација на регулативата, а земјите членки не смеат да ја користат конвергенцијата како средство за надворешен притисок врз постечките регулатори. Говорниците на конференцијата ја нагласија важноста од внимателно разгледување кој од моделите најмногу одговараат на пазарните, политичките, економските состојби и на состобите во судството во секоја држава посебно, со земање на предвид на акумулираното искуство на службените регулатори. Ова треба да се состои од опсежни консултации со сите заинтересирани страни: индустријата, службените регулатори, групите на корисници, граѓаните итн.

Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 30 март 2007 година беше домаќин на Претседателката на Советот за електронски медиуми на Република Бугарија - Марија Стефанова. Таа оствари средби и со членовите на Советот и со вработените во Стручната служба. Средбите поминаа во взаемно запознавање и размена на искуства. Иницирани се конкретни договори за развивање на заемната и регионална соработка на регулаторните тела од балканските земји, за што постои начелна согласност и од регулаторните тела во Романија, Турција и Црна Гора.

# 12 Јавност во работењето на Советот

## 12.1 Облици на комуникација со јавноста

Советот за радиодифузија за остварување на транспарентност во работењето ги користеше сите познати традиционални средства за комуникација со граѓаните. Покрај традиционалните облици на комуникација, соопштенијата за јавноста, прес-конференциите, огласите и печатените публикации, треба посебно да се нагласи електронската комуникација преку ВЕБ страницата на Советот http://www.srd.org.mk, која во голем дел ги замени печатените билтени и другите изданија на Советот. Преку својата ВЕБ страница (на македонски јазик, а делумно со превод на англиски) Советот ја информираше јавноста за сите значајни активности, дневниот ред и записниците од сите одржани седници на Советот, сите соопштенија до јавноста, сите повици за јавна расправа, програмата за работа и финансискиот план на Советот, како и извештајот за работа од предходната година, сите правилници, упатства, препораки, одлуките кои ги донел, за резултатите од спроведените мониторинзи, за мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски,

Советот за радиодифузија информациите за своите активности ги објавуваше и преку платени огласи во дневните весници, а неколку пати упати и повици за јавна расправа на различни теми, до сите радиодифузери, институции и здруженија, граѓани и други заинтересирани субјекти. Објавени се и повеќе соопштенија за јавноста, за актуелни теми од радиодифузната област, а за секоја позначајна тема се одржувани прес-конференции во просториите на Советот. Во текот на извештајниот период, Советот за радиодифузија одржа 28 седници, од кои три седници се одржаа како јавни седници, надвор од просториите на Советот, со поканети заинтересирани институции, организации, здруженија и новинари.

Советот во текот на 2007 година издаде посебно издание на Законот за радиодифузната дејност со збирка на подзаконски акти, усвоени од страна на Советот кое беше дистрибуирано до сите заинтересирани субјекти во радиодифузната дејност.

## 12.2 Пристап до информации од јавен карактер

Советот за радиодифузија, согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РМ" бр.13/06) и член 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и членовите 19 и 20 од Деловникот за работа на Советот (Пречистен текст), утврди Листа на информации од јавен карактер на Советот за радиодифузија, која за сите заинтересирани лица е достапна на ВЕБ страницата на Советот. Советот за радиодифузија назначи лице одговорно за пристап до информациите од јавен карактер, кое одговара на доставените барања од Советот како имател на информации од јавен карактер.

До Советот за радиодифузија, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2007 година, беа доставени три барања за пристап до информации, и тоа: Барање од СИЗ "Асоцијација на приватни електронски медиуми на Македонија" (АПЕММ) бр.03-756/1, од 19.03.2007 година, за добивање копија од листите на регистрираните програмски пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи за кои имаат доставено договор за регулирани права од

Министертвото за култура; Барање од Елвир Клапија од Скопје, за тоа како е регулиран рекламниот простор во медиумите, кои се ограничувањата, нормите и правилата за рекламирање со кои Советот ги задолжува медиумите, што може и кога може да се рекламира, кои се најатрактивните рекламни појаси во ТВ етерот, има ли правилник за реклами, кои се правилата од ЕБУ за рекламирањето; и Барање од ТРД Радио Канал 77 од Штип бр.03-3815/1 од 26.12.2007 година, со кое се бара да се достави Записникот од 23-та седница на Советот за радиодифузија на РМ одржана на 09.11.2007 година.

Сите доставени барања се обработени од страна на службеното лице за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации на Советот. При што, на барањето од ТРД Радио Канал 77 од Штип бр.03-3815/1 од 26.12.2007 година, е позитивно одговорено, односно доставен е примерок од бараниот Записник од 23-та седница на Советот одржана на 09.11.2007 година (бр.02-3417/5 од 05.12.2007). Останатите поднесени барања се одбиени. Имено, барањето од СИЗ "Асоцијација на приватни електронски медиуми на Македонија" (АПЕММ) бр.03-756/1 од 19.03.2007 година, е одбиено, согласно членот 6 став 1 алинеа 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од причина што пред Советот за радиодифузија се уште е во тек постапка за регистрирање на програмските сервиси во вид на пакети кои одделните субјекти- оператори на јавни комуникациски мрежи ги реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи. Исто така, и барањето од Елвир Клапија од Скопје, за тоа како е регулиран рекламниот простор во медиумите, е одбиено од причина што бараните информации немаат карактер на информации од јавен карактер.

Советот за радиодифузија на РМ како имател на информации ја исполни и обврската предвидена во членот 37 од Законот, и во законски утврдениот рок, до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер достави годишен извештај за спроведувањето на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

# 13 Материјално-финансиско работење на Советот, кадровски и технички ресурси

## 13.1 Материјално-финансиско работење на Советот во 2007 година

Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2007 година изнесуваше 50.386.000,00 денари. Планираниот обем на средствата се должеше на предвидените обрски како и надлежности на Советот кои произлегуваат согласно Законот за радиодифузната дејност.

Најголемиот дел од средствата за работа на Советот во текот на 2007 година се обезбедени од средствата прибрани од надоместокот од дозволата за вршење радиодифузната дејност за периодот јуни 2007 - јуни 2008 година, пренесените средства од 2006 година и остварени камати во 2007 година.

Износот на предвидените средства по основ на наплатена радиодифузна такса беше остварен во многу мал обем од причина што дури при крајот на годината беа изработени решенија за наплата на радиодифузната такса и тоа само за првото тромесечие од 2007 година. Од вкупно наплатените средства од радиодифузната такса, делот од 4 отсто што согласно Законот е наменет за финансирање на работењето на Советот за радиодифузија, изнесуваше 508.742,00 денари.

Вкупно направените расходи за остварувањето на функциите на Советот за радиодифузија, во периодот од 1 јануари заклучно со 31 декември 2007 година, изнесуваат 38.942.210,00 денари и тоа:

- основни плати, надоместоци и персонален данок на плати и надометоци на членовите на Советот и вработените во стручна служба во износ од 13.928.177,00 денари;
- придонеси за социјално осигурување, Фонд за здравство и останати придонеси од плата во износ 5.782.782,00 денари;
- расходи за патувања во земјата и странство во износ од 1.358.754,00 денари;
- расходи за комунални услуги ,затоплување, пошта,телефон, комуникација и транспорт во износ од 2.686.356,00 денари;
- расходи за набавка на административни материјали, материјали за АОП, материјали за поправка и одржување и други материјали во износ од 383.705,00 денари;
- расходи за поправки и тековно одржување на деловниот простор, поправки и одржување на опремата во износ од 2.382.334,00 денари;
- закупнина за изнајмување деловен и друг тип на простор и опрема во износ од 6.332.629,00 денари;
- расходи за банкарски провизија и осигурителни услуги на недвижности и права во износ од 129.853,00 денари;

- расходи за ангажирање на надворешни соработници за редовен мониторинг на радио и Тв програмите на национално и локално ниво, за мониторинг на програмските пакети на јавните комуникациски мрежи, за ангажирање на експерти за изработка на стратегијата за развој на радиодифузната дејност, за истражување за гледаноста и слушаноста на радио и ТВ програмите, за усовршување и печатење во износ од 2.656.385,00 денари;

- други тековни расходи (членарина во ЕПРА, објавување на службени огласи, репрезентација, ангажирање на надворешен ревизор како и за Државниот завод за ревизија ) во износ од 2.523.697,00 денари;

- купување на мебел, канцелариска опрема и друга опрема во износ од 700.712,00 денари и

- купување на нематеријализирани авторизирани средства (надградба на постоечките комјутерски софтвери) во износ од 76.826,00 денари.

## 13.2 Кадровски ресурси на Советот

Во текот на 2007 година, бројот на вработени во Советот за радиодифузија се намали за двајца, такашто во 2007 година редовно се вработени 32 лица, од кои 8 се членови на Советот и 24 во Стручната служба (18 со ВСС и 6 со ССС).

Човечките ресурси се многу важно прашање кое треба да се има предвид, при јакнењето на институционалниот и административниот капацитет на независните регулаторни тела. На ова прашање, Европската комисија постојано ставаше нагласок на состаноците организирани во рамките на Европското партнерство и во извештаите за остварениот напредок на Република Македонија.

Имајќи ги предвид новите законски надлежности, а тргнувајќи од искуствата на регулаторните тела од поразвиените европски земји, Советот за радиодифузија во почетокот на 2007 година усвои нова модерна и флексибилна организациона структура. Покрај постоењето на главните сектори, предвидени се и работни групи организирани по области, што обезбедува интер-секторски приод во работењето. Постојните сектори беа реорганизирани и зајакнати со нови надлежности, а воведени беа и нови кои претходно не постоеја, како на пример Сектор за истражувања и долгорочен развој, во рамките на кој ќе се вршат анализи и истражувања и ќе се следи развојот на медиумската индустрија и прашањата поврзани со заштитата на конкуренцијата. Постојните вработени во стручната служба на Советот имаат високи професионални квалификации, големи стручни познавања и големо искуство во регулирањето на областа. Со новата внатрешна организација овој кадар беше прераспореден во новите сектори, според завршеното образование и стручни квалификации, но заради ефикасно остварување на зголемените законски надлежности беше испланирано и вработување на нов стручен кадар.

Меѓутоа, вработувањето нови стручни кадри во Советот минатата година беше оневозможено поради фактот што, за секое ново вработување, Советот мораше да обезбеди претходна согласност од Министерството за финансии, согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ, и покрај фактот што Советот

не се финансира од средства од Буџетот на РМ. Советот, во врска со ова прашање, во повеќе наврати со дописи се обрати до Министерството за финасии, истакнувајќи дека тој не подлежи на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2007-ма година (Службен весник на РМ бр. 139/060). Беше посочено дека членот 21 од овој Закон се однесува на буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, јавните претпријатија и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од РМ. Советот за радиодифузија е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност утврдени со Законот за радиодифузната дејност и се финасира од средствата прибрани од радиодифузната такса, а вработените не се државни службеници. Советот е основан со Закон, а не од централната власт, ниту пак е трговско друштво основано од РМ.

Основањето и надлежностите на Советот, утврдени во Законот за радиодифузната дејност, се целосно усогласени со Препораката бр. Р (2000) 23 на Советот на Европа за независноста и функциите на регулаторните тела од радиодифузниот сектор. Со овој документ се препорачува на владите на државите членки да им дадат овластувања на регулаторните тела во радиодифузниот сектор кои им овозможуваат да ги исполнуваат нивните задачи, пропишани со националниот закон, на ефективен, независен и транспарентен начин, обезбедувајќи вистинско почитување на независноста на регулаторното тело во поглед на било какво мешање во неговите активности.

Наведените аргументи не помогнаа во обидите на Советот да добие согласност од Министерството за финансии за да ги реализира новите вработувања и покрај фактот што дури и во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за 2007 година, усвоена од Владата на РМ, беше утврдена потребата од нови вработувања како предуслов за јакнење на институционалниот капацитет на регулаторното тело.

## 13.3 Технички ресурси на Советот

Советот за радиодифузија испланира повеќе активности за подигање на својот административен и институционален капацитет, меѓутоа главен проблем за да се остварат овие планови е континуираниот недостиг од финансиски средства, првенствено поради фактот што радиодифузната такса која е негов главен извор на финансирање не се собира. Опремата со која Советот го врши мониторингот на програмите на радиодифузерите, како и внатрешниот ИКТ систем на Советот се целосно застарени, така што е доведена во прашање основната функција на Советот, а со самото тоа и имплементацијата на Законот.

Во 2007 година, Советот располагаше со мрежа од 42 персонални компјутери (еден од нив служи како сервер), кои веќе се амортизирани и застарени. Најголемиот дел од нив работат под стариот оперативен систем Windows 98, а само мал дел се со Windows XP. Дел од мониторингот и снимањето на радио програмите се врши на овие персонални компјутери, а телевизиските програми се снимаат на 34 ВХС видеорекордери кои се исто така амортизирани. Со цел да се реши сегашната неповолна состојба, направени се планови за набавка на компјутеризиран централен сервер-систем за мониторинг, кој ќе врши континуирано снимање на сите радио и ТВ програми на хард-диск, а прегледувањето ќе се врши подоцна на персоналните компјутери. Исто така, планирана е набавка на нови персонални компјутери.

За набавка на оваа опрема, уште во текот на 2006 година, Советот се обрати со посебен допис до Секретаријатот за европски прашања при Владата на РМ, со барање да се изнајдат можности за обезбедување средства од домашни извори или од странски фондови за обновување на опремата, но одговор на ова барање не е добиен до крајот на 2007 година.

# Прилози

Табела бр. 1 - Изречени писмени опомени на трговските радиодифузни друштва
Табела бр. 2 - Изречени писмени опомени со барање за објавување
на трговските радиодифузни друштва
Табела бр. 3 - Изречени времени забрани за рекламирање и телешопинг
на трговските радиодифузни друштва
Табела бр. 4 - Изречени писмени опомени на јавниот радиодифузен сервис
Табела бр. 5 - Изречени налози за исклучување програмски сервиси на операторите
на јавни комуникациски мрежи
Табела бр. 6 - Поведени прекршочни постапки против операторите
на јавни комуникациски мрежи
Табела бр. 7 - Структура на сопственоста ТРД на национално ниво
Табела бр. 8 - Структура на сопственоста ТРД на регионално ниво - Скопје
Табела бр. 9 - Структура на сопственоста на ТРД на локално ниво - ТВ
Табела бр.10 - Структура на сопственоста на ТРД на локално ниво - радио

**Табела бр.1** - Изречени **писмени опомени** на трговските радиодифузни друштва

| **Член од ЗРД или од подзаконски акт** | **Опис на прекршокот** | **ТРД** |
|---|---|---|
| - член 70, став 1 од ЗРД | Емитување програми кои содржат порнографија, прекумерно насилство, или други програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите | - ТРД "Амазон" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 71, став 2 и став 3 од ЗРД<br>- член 3, член 6 став 1 алинеја 5, член 7 став 1 алинеја 5 и член 5 став 1 алинеја 2, член 10, член 11 став 2 и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој | Емитување програма која не е категоризирана, односно некласифицирана во петтата категорија, неемитување во соодветен период за таа категорија и не аплицирање на облиците на акустично и визуелно предупредување. | - ТРД "Скај Нет" Манчев ДОО, Скопје |
| - член 71 став 2 и став 3 од ЗРД<br>- член 5 став 1 алинеја 1 и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој | Емитувани програмски содржини неозначени пред почетокот на нивното емитување, како и за време на нивното емитување со соодветно акустично или визуелно предупредување. | - ТРД "Телевизија Сител" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 71, став 2 и став 3 од ЗРД<br>- член 10, член 11 и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој | Неаплицирање на облиците на акустично и визуелно предупредување пред почетокот и за време на траењето на емисијата. | - ТРД "Телевизија Сител" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 71, став 3 од ЗРД<br>- член 13, став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој. | Емитување промотивни најави, необележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Алсат-М" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Сител" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 71, став 3 од ЗРД<br>- член 7, став 1, алинеја 2 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој | Емитување емисија која поттикнува спортско обложување (програма од втора категорија) во несоодветен период | - ТРД "ТВ Нова" ДОО, Куманово<br>- ТРД "Монако Радио Сити ФМ" ДООЕЛ, Куманово |
| - член 74, став 1 од ЗРД | Не емитувал најмалку 30% изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија. | - ТРД "Телевизија Канал 21" ДООЕЛ, Велес<br>- ТРД "ТВ Интел" ДОО, Струмица<br>- ТРД "Канал Вис" ДОО, Струмица<br>- ТРД "ТВ КТВ 41, Делта М Електроник" ДООЕЛ, Кавадарци<br>- ТРД "ТВ Менада" ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "ТВ МТМ Дасто" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Нова" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "ТВ Скопје" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Здравкин" Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес<br>- ТРД "Алсат-М" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Далга - Крт" ДООЕЛ, Куманово<br>- ТРД "Нова" ДООЕЛ, Куманово<br>- ТРД "Протел" ДООЕЛ, Пробиштип |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ТРД "ТВ Морис" Јован Трпески ДООЕЛ, Охрид<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО, Свети Николе<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Сител" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 74, став 2 од ЗРД | Не обезбедил најмалку 30% вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. | - ТРД "Радио Антена 5"Петров,Јаневски и Гушев,ДОО Скопје<br>- ТРД "Радио Канал 77" ДООЕЛ, Ш тип<br>- ТРД "ТВ Амазон" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ МТМ Дасто" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Скопје" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 79, став 2 од ЗРД | Поврзување во единствен систем за емитување на заедничка програма без претходно да се извести Советот за радиодифузија за поврзувањето, за програмскиот концепт за заедничката програма и без да именуваат одговорен уредник на програмата. | - ТРД "ТВ Нова" ДОО, Куманово<br>- ТРД "Монако Радио Сити ФМ" ДООЕЛ, Куманово |
| - член 81, став 2 од ЗРД | Неистакнување на називот, заштитниот знак, или скратениот идентификационен знак (авизо, лого или слично). | - ТРД "ТВ Калтрина" Мазар Татеши Струга, ДООЕЛ |
| - член 81, став 4 од ЗРД | Употребување назив односно заштитен знак кој не одговара на регистрираниот назив односно заштитен знак. | - ТРД "Радио Рос" ДОО, Дејан и други, Скопје |
| - член 83, став 1 од ЗРД | Емитување делови од емисии на странски јазици без да бидат преведени на македонски јазик. | - ТРД "Телевизија Сител Силекс" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 85, став 1 од ЗРД<br>- член 4, член 7 и член 9 од Правилникот за техничките услови при задолжителното снимање, чување и доставување на емитуваната програма. | Не исполнување на обврската за снимање на излезниот сигнал од емитуваната програма и за чување на снимките во утврдениот рок во Законот. | - ТРД "Алсат - М" ДОО Скопје |
| - член 93, став 1 од ЗРД | Емитување на рекламни спотови и телешопинг спотови, повеќе од дозволените 20% од дневно емитуваното време. | - ТРД "ТВ Интел" ДОО Струмица<br>- ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ Струмица<br>- ТРД "ТВ КТВ 41, Делта -М електроник" ДООЕЛ Кавадарци |
| - член 93, став 2 од ЗРД | Времетрање на рекламни спотови повеќе од 15% од дневно емитуваното време. | - ТРД "ТВ КТВ 41, Делта -М електроник" ДООЕЛ Кавадарци |
| - член 93, став 3 од ЗРД | Времетраење на рекламирање подолго од дозволените 20% или 12 минути од времето за емитување во текот на еден реален час. | - ТРД "Независна ТВ-Охрид" ДООЕЛ Охрид<br>- ТРД "Нова" ДООЕЛ Куманово<br>- ТРД "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "Телевизија Ускана" Мунир Мендиу Кичево ДООЕЛ<br>- ТРД "ТВ Боем" Слободан Меноски ДООЕЛ Кичево<br>- ТРД "ТВ ЕДО" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ ГУРРА" ДОО Кичево<br>- ТРД "ТВ ИНТЕЛ" ДОО Струмица<br>- ТРД "ТВ Калтрина" Мазар Татеши Струга ДООЕЛ<br>- ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ Струмица<br>- ТРД "ТВ Кисс" Злате ДОО Тетово<br>- ТРД "ТВ Меди" ДООЕЛ Битола<br>- ТРД "ТВ Менада" ДООЕЛ Тетово<br>- ТРД "ТВ МТМ" Дасто ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Нова" ДОО Гевгелија<br>- ТРД "ТВ СТАР" ДОО Штип<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО Свети Николе<br>- ТРД "ТВ Здравкин" Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ТРД "Протел" ДООЕЛ Пробиштип<br>- ТРД "ТВ КОХА" Меваип ДООЕЛ Тетово<br>- ТРД "ТВ КТВ 41, Делта -М електроник" ДООЕЛ Кавадарци<br>- ТРД "ТВ Студио Тета" Мангоски Зоран" ДООЕЛ Битола<br>- ТРД "ТВ Хана" Мевљан ДООЕЛ Куманово<br>- ТРД "ТВ М" Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид |
| - член 94, став 4 од ЗРД | Емитување рекламни спотови во реален час кога се емитувани телешопинг прозорци. | - ТРД "А1 Телевизија " ДООЕЛ Скопје;<br>- ТРД "Нова" ДООЕЛ Куманово;<br>- ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ Струмица;<br>- ТРД "ТВ Менада" ДООЕЛ Тетово;<br>- ТРД "ТВ М" Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид;<br>- ТРД "ТВ Сител - Силекс" ДООЕЛ Скопје. |
| - член 97, став 1 од ЗРД | Емитување рекламни блокови кои не се јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Боем" Слободан Меноски ДООЕЛ Кичево<br>- ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ Струмица<br>- ТРД "ТВ Кисс" Злате ДОО Тетово<br>- ТРД "ТВ КТВ 41, Делта-М електроник"ДООЕЛ Кавадарци<br>- ТРД "Алсат - М" ДОО Скопје<br>- ТРД "Нова" ДООЕЛ Куманово<br>- ТРД "ТВ Сител- Силекс" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Студио Тета" Мангоски Зоран" ДООЕЛ Битола<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО Свети Николе<br>- ТРД "Монако Радио Сити ФМ" ДООЕЛ, Куманово |
| - член 98, став 1 од ЗРД | Вршење прикриено рекламирање. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "Радио Рос" ДОО Дејан и други, Скопје<br>- ТРД "Скај Нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДОО Скопје<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Амазон" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ М" Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид<br>- ТРД "ТВ Меди" ДООЕЛ Битола<br>- ТРД "ТВ Студио Тета" Мангоски Зоран" ДООЕЛ Битола |
| - член 98, став 2 од ЗРД | Изложување во програмите производи чие име или марка се видливо истаканати. | - ТРД "ТВ Менада" ДООЕЛ Тетово<br>- ТРД "ТВ Стар" ДОО Штип<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител- Силекс" ДООЕЛ Скопје |
| - член 99, став 1, алинеја 1 од ЗРД | Рекламни и телешопинг спотови не вметнати исклучиво помеѓу деловите и интервалите во програмите што се состојат од независни делови. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "Алсат М" ДОО Скопје |
| - член 99, став 1, алинеја 2 од ЗРД | Емитување филм чие времетраење е помалку од 90 минути, прекинато со емитување на два рекламни спота. | - ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ Струмица<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО Свети Николе |
| - член 99, став 1, алинеја 4 од ЗРД | Емисии кои не се состојат од независни делови, прекинувани со рекламни спотови, така што периодот меѓу секој следен блок со рекламни спотови е пократок од 20 минути. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДОО Скопје<br>- ТРД "Нова" ДООЕЛ Куманово<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" Телма ДООЕЛ Скопје<br>- ТРД "ТВ Боем" Слободан Меноски ДООЕЛ Кичево<br>- ТРД "ТВ Интел" ДОО Струмица<br>- ТРД "ТВ Кисс" Злате ДОО Тетово |

| | | |
|---|---|---|
| | | -ТРД "ТВ КТВ 41, Делта -М електроник" ДООЕЛ Кавадарци<br>- ТРД "ТВ СТАР" ДОО Штип<br>- ТРД "ТВ Студио Тета" Мангоски Зоран" ДООЕЛ Битола<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО Свети Николе<br>- ТРД "ТВ Здравкин" Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес<br>- ТРД "ТВ КОХА" Меваип ДООЕЛ Тетово<br>- ТРД "ТВ Сител- Силекс" ДООЕЛ Скопје |
| - член 100, став 1 од ЗРД | Емитување рекламни спотови во вести и други дневно-информативни програми. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Независна ТВ Охрид" ДООЕЛ, Охрид<br>- ТРД "Протел" ДООЕЛ, Пробиштип<br>- ТРД "Телевизија Канал 21" ДООЕЛ, Велес<br>- ТРД "Телевизја Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизја Ускана" Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ<br>- ТРД "ТВ Хана" Мевљам ДООЕЛ, Куманово<br>- ТРД "ТВ Канал Вис" ДООЕЛ, Струмица<br>- ТРД "ТВ Кис" Злате ДОО, Тетово<br>- ТРД "ТВ Коха" Меваип ДООЕЛ, Тетово<br>-ТРД "ТВ КТВ 41, Делта -М електроник" ДООЕЛ Кавадарци<br>- ТРД "ТВ М" Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид<br>- ТРД "ТВ Стар" ДОО, Штип<br>- ТРД "ТВ Студио Тера" Манговски Зоран ДООЕЛ, Битола<br>- ТРД "ТВ Здравкин" Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес |
| - член 100, став 2 од ЗРД | Емтиување рекламни или телешопинг спотови во актуелно-информативни програми, детски, документарни или верски програми чие планирано времетраење е помалку од 30 минути. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "ТВ БТР Национал" Зоран ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Здравкин" Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес |
| - член 106, став 1 од ЗРД | Во спонзорирани програми спонзорот не е јасно идентификуван на погоден начин на почетокот или на крајот на програмата. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 106, став 2 од ЗРД | Емитување спонзорирани програми што поттикнуваат продажба, купување или изнајмување на производи или услуги од спонзорот или на трето лице. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Алсат-М" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 107, став 1 од ЗРД | Спонзорирање вести и други информативни програми. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Алсат-М" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Студио Тера" Манговски Зоран ДООЕЛ, Битола |
| - член 3 од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на РА и ТВ програмски сервиси | Користење телефонска услуга со посебна тарифа без јасен и прегледен опис на услугата, без видливо и јасно да биде соопштена вкупна цена на чинење на услугата и без да биде јасно назначено дали цената на чинење на услугата е од повик или од минута разговор. | - ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 3, став 1, алинеја 2 и член 3, став 2 и став 3 (член 3, став 3) од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на РА и ТВ програмски сервиси | Користење телефонска услуга со посебна тарифа, без видливо и јасно соопштена вкупна цена на чинење на услугата и без испишување на истата на екранот со помал фонт од фонтот со кој е испишан тел.број на кој може да се добие услугата. | - ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| - член 3, став 1, алинеја 3 и член 3 став 3 од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на РА и ТВ програмски сервиси | Користење телефонска услуга со посебна тарифа, без да биде наведено дали цената на чинење на услугата е од повик или од минута разговор и вкупната цена на чинење на услугата на екранот е испишана со помал фонд од фондот со кој е испишан тел.број на кој може да се добие услугата. | - ТРД "Скај Нет" Манчев ДООЕЛ Скопје |
| - член 5, став 1, точка 1 од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на РА и ТВ програмски сервиси | Емитување натпревари со ниска продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри со водител во студио кои вклучуваат разговор во живо, емитувани во несоодветен период. | - ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 6, став 2 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во РА и ТВ програмите | Идентификување на спонзорите во целината на едно издание од спонзорирана програма, повеќе од дозволените пет пати. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје |
| - член 7, став 1 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во РА и ТВ програмите | Спонзорирање на блоковите за рекламни и телешопинг спотови. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје |

**Табела бр.2** - Изречени **писмени опомени со барање за објавување** на трговските радиодифузни друштва

| Член од ЗРД | Опис на прекршокот | ТРД |
|---|---|---|
| Член 93, став 3 | Времетраење на рекламирање подолго од дозволените 20% или 12 минути од времето за емитување во текот на еден реален час. | - ТРД "Телевизја Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 94, став 4 | Емитување рекламни спотови во реален час кога се емитувани телешопинг прозорци. | - ТРД "А1 Телевизија " ДООЕЛ Скопје. |
| Член 97, став 1 | Емитување рекламни блокови кои не се јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства. | - ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје.<br>- ТРД "ТВ Нова" ДООЕЛ, Куманово. |
| Член 98, став 1 | Вршење прикриено рекламирање. | - ТРД "Канал 5" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 98, став 2 | Изложување во програмите производи чие име или марка се видливо истаканати. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 99, став 1, алинеја 4 | Емисии кои не се состојат од независни делови, прекинувани со рекламни спотови, така што периодот меѓу секој следен блок со рекламни спотови е пократок од 20 минути. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 100, став 1 | Емитување рекламни спотови во вести и други дневно-информативни програми. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "Канал 5" ДОО, Скопје;<br>- ТРД "Телевизја Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 106, став 2 | Емитување спонзорирани програми што поттикнуваат продажба, купување или изнајмување на производи или услуги од спонзорот или на трето лице. | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "ТВ Алсат-М" ДООЕЛ, Скопје. |

**Табела бр.3** - Изречени **времени забрани за рекламирање и телешопинг** на трговските радиодифузни друштва

| Член од ЗРД | Опис на прекршокот | ТРД |
|---|---|---|
| Член 93, став 3 | Времетраење на рекламирање подолго од дозволените 20% или 12 минути од времето за емитување во текот на еден реален час. | - ТРД "Канал 5" ДОО, Скопје. |
| Член 106, став 2 | Емитување спонзорирани програми што поттикнуваат продажба, купување или изнајмување на производи или услуги од спонзорот или на трето лице. | - ТРД "ТВ Сител" ДООЕЛ, Скопје. |

**Табела бр.4** - Изречени **писмени опомени** на јавниот радиодифузен сервис

| Член од ЗРД или од подзаконски акт | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 69 | Емитување програмски содржини насочени кон разгорување национална омраза и нетрпеливост. | - Прв програмски сервис (МТВ 1). |
| Член 71, став 2 и став 3<br>член 5, став 1, алинеја 1 и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички психички и морален развој. | Емитувани програмски содржини неозначени пред почетокот на нивното емитување, како и за време на нивното емитување со соодветно акустично или визуелно предупредување. | - Втор програмски сервис (МТВ 2). |
| Член 76, став 1 | Емитување наградна игра на среќа со извлекување. | - Прв и втор програмски сервис (МТВ 1, МТВ 2). |
| Член 97, став 1 | Емитување рекламни блокови кои не се јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства. | - Прв програмски сервис (МТВ 1). |
| Член 99, став 1, алинеја 1 | Емитување рекламни и телешопинг спотови не вметнати исклучиво помеѓу деловите и интервалите во програмите што се состојат од независни делови. | - Прв програмски сервис (МТВ 1). |
| Член 124, став 3 | Не обезбедување најмалку 45% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се во мнозинство во РМ. | - Прв програмски сервис (МТВ 1);<br>- Македонско радио - втора програма. |

**Табела бр.5** - Изречени налози **за исклучување програмски сервиси** на операторите на јавни комуникациски мрежи*)

| Член од ЗРД | Прекршок | оператор на јавна комуникациска мрежа |
|---|---|---|
| Член 109 став 4 | Реемитување програмски сервиси кои не се регистрирани во Советот, односно реемитување програмски сервиси надвор од потврдата издадена од страна на Советот. | - ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар<br>- ТРД "КДС Кабел Нет" ДООЕЛ, Прилеп<br>- ТРД "Сат Медиа" ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "Мултиком" Гоце и др. ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "Гив Иван и др." ДООЕЛ, Гостивар<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Спајдер" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Вива Нет" ДООЕЛ, Берово<br>- ТРД "Омега Нет" ДОО, Демир Хисар<br>- ТРД "Кабел Ви" ДООЕЛ, Виница<br>- ТРД "Медиа Нет" ДОО, Струмица<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино<br>- ТРД "Гив Иван и др." ДООЕЛ, Гостивар<br>- ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево<br>- ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар<br>- ТРД "Инел Интернационал" ДООЕЛ, Кавадарци<br>- ТРД "МОБИ" ДОО, Битола<br>- ТРД "Канал 16" ДОО, Ресен<br>- "Кејблтел" ДООЕЛ, Скопје |

*) Покрај изречените налози на операторите на јавна комуникациска мрежа наведени во Табела бр.5, Советот за радиодифузија, на својата 13-та седница, одржана на 6 јуни 2007 година, донесе заклучок да им упати општо укажување на сите нотифицирани оператори на јавна комуникациска мрежа, со налог да ги исклучат програмските сервиси кои ги реемитуваат спротивно на член 109 став2, односно за кои Советот за радиодифузија им нема издадено потврди за извршена регистрација.

**Табела бр.6** - Поведени **прекршочни постапки** против операторите на јавни комуникациски мрежи

| Член од ЗРД | Опис на прекршокот | Оператор на јавна комуникациска мрежа |
|---|---|---|
| Член 41, став 2 | Вршење радиодифузна дејност без дозвола. | - "БО-НЕТ" ДООЕЛ, Прилеп. |
| Член 70, став 3 | Пренесување програмски сервис со порнографски содржини во некодиран облик. | - ТРД "Омега - нет" ДОО, Демир Хисар;<br>- ТРД "Кабел -Ви" ДООЕЛ, Виница;<br>- ТРД "Вива Нет" ДООЕЛ, Берово;<br>- ТРД "МДС" ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "Медиа Нет" ДООЕЛ, Струмица;<br>- ТРД "КДС-БТ" ДООЕЛ, Пробиштип<br>- ТРД "Моби" ДОО, Битола;<br>- ТРД "Канал 16" ДОО, Ресен;<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Старкс" ДООЕЛ, Куманово;<br>- ТРД "КТ Селеко" ДОО, Неготино;<br>- ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 82, став 2 | Пренесување програмски сервиси што се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, не се титлувани на македонски јазик. | - ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар;<br>- ТРД "Инел Интернационал" ДООЕЛ, Кавадарци;<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево;<br>- ТРД "КДС-БТ" ДООЕЛ, Пробиштип<br>- ТРД "Моби" ДОО, Битола;<br>- ТРД "Гив Иван и др" ДОО, Гостивар;<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино;<br>- ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид;<br>- ТРД "Мултиком" ДООЕЛ, Тетово;<br>- "Кејблтел" ДООЕЛ, Скопје. |
| Член 109, став 4 | Не постапување по мерката - налог за исклучување на програмски сервис. | - ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип;<br>- ТРД "МДС" ДОО, Скопје;<br>- ТРД "Сат Медиа" ДООЕЛ, Тетово;<br>- ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар;<br>- ТРД "Спајдер" ДОО, Гевгелија;<br>- ТРД "Спајдер" ДОО, Гевгелија;<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип;<br>- ТРД "Старкс" ДООЕЛ, Куманово;<br>- ТРД "КДС БТ" ДООЕЛ, Пробиштип;<br>- ТРД "Гив Иван и др." ДОО, Гостивар;<br>- ТРД "МОБИ" ДОО, Битола;<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево;<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип;<br>- ТРД "Мултиком" ДООЕЛ, Тетово;<br>- "БО-НЕТ" ДООЕЛ, Прилеп. |
| Член 110 | Пакетот програмски сервиси не ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис што се финансираат од радиодифузна такса. | - ТРД "Омега Нет" ДОО, Демир Хисар;<br>- ТРД "Кабел Ви" ДООЕЛ, Виница;<br>- ТРД "Вива Нет" ДООЕЛ, Берово;<br>- ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар;<br>- ТРД "Инел Интернационал" ДООЕЛ, Кавадарци;<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино. |
| Член 111 | Пренесување програмски сервиси на радиодифузери надвор од подрачјето за коешто тие имаат добиено дозвола за вршење радиодифузна дејност. | - ТРД "Гив Иван и др" ДОО, Гостивар;<br>- ТРД "КДС Кабел Нет" ДООЕЛ, Прилеп;<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино. |
| Член 113 | Објавување информации на интерниот канал кои не се поврзани со функционирањето и услугите што операторот ги обезбедува преку сопствената мрежа. | - ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип;<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево;<br>- ТРД "Гив Иван и др." ДОО, Гостивар;<br>- ТРД "МОБИ" ДОО, Битола;<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино;<br>- ТРД "Инфел КТВ" ДООЕЛ, Охрид;<br>- ТРД "БО-НЕТ" ДООЕЛ, Прилеп. |

**Табела бр.7** - Структура на сопственоста **ТРД на национално ниво** (април 2007 година)

| ТВ или радио | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и процент на учество во капиталот |
|---|---|---|
| ТВ А1 | ТРД А1 ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ | Велија Рамковски 100% |
| ТВ Алсат-М | ТРД АЛСАТ М ДООЕЛ Скопје | Веби Нури Велија 100% |
| ТВ Канал 5 | ТРД КАНАЛ 5 ДОО | Емил Стојменов 100% |
| ТВ Сител | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | МОНТЕКО 100% |
| ТВ Телма | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Макпетрол АД Скопје 100% |
| РА Антена 5 | ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров,Јаневски и Гушев ДОО Скопје | Зоран Петров 33,3%, Маријан Гушев 33,3% и Коста Јаневски 33,3% |
| РА Рос Радио Метрополис | ТРД РАДИО РОС ДОО Дејан и други-Скопје | Жарко Јанкоски 99 %, Дејан Дилески 1% |
| РА Канал 77 | ТРД РАДИО КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип | ГБЦ Комуникации ДООЕЛ 100% |

**Табела бр.8** - Структура на сопственоста **ТРД на регионално ниво - Скопје** (април 2007 година)

| ТВ или радио | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|
| ТВ Шутел | ТРД ТВ ШУТЕЛ Камил ДООЕЛ Скопје | Камил Мустафа 100% |
| ТВ Амазон | ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје | Драган Горгиевски 100% |
| ТВ Крт | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДООЕЛ Скопје | Билјана Зафировска 100% |
| ТВ Едо | ТРД ТВ ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај | Енес Бабачиќ 100% |
| ТВ Тоска | ТРД ТВ ТОСКА ДОО Скопје | Фарук Гани 50%, Илијаз Касими 50% |
| ТВ БТР | ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | Зоран Димов 100% |
| ТВ Скајнет | Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев - ДОО Скопје | Тодорче Коцев 95%, Манчев Митко 5% |
| ТВ МС | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКСПОТ, Макспот студио ДООЕЛ Скопје | Макспот студио ДОО експорт-импорт Скопје 100% |
| ТВ МТМ | ТРД ТВ МТМ ДАСТО ДООЕЛ Скопје | ДАСТО ДООЕЛ 100% |
| ТВ Алфа (Скопје) | ТРД ТВ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје | АЛФА-СКОП ДООЕЛ експорт-импорт Скопје 100% |
| ТВ Ера | ТРД ТВ Ера Скопје | Ера компани ДОО Скопје 34%, Балкан Медиа Груп Лимитид -66% |
| РА Зона М-1 | ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје | Светлана Тасевска 100% |
| РА Фолк | ТРД ФОЛК-РАДИО ДООЕЛ Скопје | Перо Ристоски 100% |
| РА Сити | ТРД СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје | Дарко Гелев 100% |
| РА Скај | ТРД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ Скопје | Теодор Манески 100% |
| РА Роса АБ | ТРД РАДИО РОСА-АБ ДОО Скопје | Александар Димитров 73,15%, Борче Нечовски 25%, Миле Шулевски 1,85% |
| РА Џез ФМ | ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ Скопје | Љупчо Хаџи-Стефанов 100% |
| РА Лајф (Стар) ФМ | ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скпје | Крешник Ајдини 100% |
| РА Спортско Канал 4 | ТРД СПОРТСКО РАДИО КАНАЛ 4 ДООЕЛ Скопје | Борче Лукановски 100% |
| Ра 90,3 ФМ | Ф-М 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Тони Митев 100% |
| РА Фортуна | ТРД РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ | Виолета Божиноска 100% |
| РА Клуб ФМ (Уно) | ТРД КЛУБ ФМ ДОО | Ѓорѓи Савев 34%, Љупчо Петрески 64% |
| РА Равел | ТРД РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ Скопје | ДРП Раола ДОО Скопје |
| РА Арачина | ТРД АРАЧИНА, Џавид ДООЕЛ, село Арачиново, Арачиново | Џавит Сулејмани 100% |
| РА Класик | ТРД ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ Скопје | Мартин Тренески 100% |
| РА Ват | ТРД РАДИО ВАТ, Ват-Инос ДООЕЛ Скопје | Ват - Инос Мујадин ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| РА Буба Мара | ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје | Ранко Петровиќ 100% |

**Табела бр.9** - Структура на сопственоста на **ТРД на локално ниво - ТВ** (април 2007 година)

| Град | ТВ станица | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|---|
| Битола | ТВ Тера | ТРД ТВ СТУДИО ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | Зоран Манговски 100% |
| Битола | ТВ Орбис | ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | Томислав Новаковиќ 100% |
| Битола | ТВ Меди | ТРД ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ | Кирчо Крстевски 100% |
| Валандово | ТВ ВТВ | ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово | Тони Донев 100% |
| Велес | ТВ Здравкин | ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес | Ангелче Здравкин 100% |
| Велес | ТВ Канал 21 | ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес | Зоран Ставрев 100% |
| Гевгелија | ТВ Нова | ТРД ТВ НОВА ДОО | Валентина Џундова 37% Јован Јованов 67% |
| Гостивар | ТВ Дуе | ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Назми Елези 100% |
| Кавадарци | ТВ КТВ-41 | ТРД ТВ КТВ 41,Делта-м електроник ДООЕЛ Кавадарци | Марјан Тодоров 100% |
| Кичево | ТВ Ускана | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | Мунир Мехдиу 100% |
| Кичево | ТВ Боем | ТРД ТВ БОЕМ Слободан Меноски Кичево ДООЕЛ | Слободан Меноски 100% |
| Кичево | ТВ Гурра | ТРД ТВ ГУРРА ДОО Кичево | Неџат Мустафи 55% Мустафа Ахмети 5% Наим Зенку 20% Мерита Адиљи 20% |
| Куманово | ТВ Феста | ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА Неџати ДООЕЛ Куманово | Неџати Аќифи 100% |
| Куманово | ТВ Далга-Крт | ТРД ДАЛГА КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово | Гордана Милковска 100% |
| Куманово | ТВ Нова | ТРД НОВА ДООЕЛ Куманиво | Гловинг Фламе ДОО Скопје 100% |
| Куманово | ТВ Хана | ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово | Мевљан Љатифи 100% |
| Мак. Брод | ТВ Аниса | ТРД ТВ АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница | Ѓулназа Јаоска 100% |
| Охрид | ТВ Морис | ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид | Јован Трпески 100% |
| Охрид | ТВМ | ТРД ТВ М Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид | Михајло Арнаудов 100% |
| Охрид | ТВ НТВ | ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ | Зоран Стефановски 100% |
| Пробиштип | ТВ Протел | ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип | Илија Петров 100% |
| Радовиш | ТВ Ко-Бра | ТРД телевизија КОБРА ДООЕЛ Радовиш | Бранко Литајковски 100% |
| Радовиш | ТВ Еми | ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш | Еми Петрол ДОО Радовиш 100% |
| Струга | ТВ Калтрина | ТРД ТВ КАЛТРИНА Мазар Татеши Струга ДООЕЛ | Мазар Татеши 100% |
| Струга | ТВ Арт Канал | ТРД ТВ АРТ КАНАЛ Струга ДООЕЛ | А7 Компани 100% |
| Струмица | ТВ Интел | ТРД ИНТЕЛ ДОО Струмица | Анче Запрова 50% Ѓеорѓе Запров 50% |
| Струмица | ТВ Вис | ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДОО Струмица | Јанко Мицев 50%, Миле Милановиќ 47,5%, Васе Пипереалиев 2.50% |
| Свети Николе | ТВ Свет | ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе | Димитар Дечков 50% Јордан Ѓорчев 50% |
| Тетово | ТВ Коха | ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | Меваип Абдиу 100% |
| Тетово | ТВ Кисс | ТРД ТВ Кисс,Злате ДООЕЛ Тетово | Злате Тодоровски 100% |
| Тетово | ТВ Арт | ТРД ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово | Артан Скендери 100% |
| Тетово | ТВ Менада | ТРД Менада Тетово ДОО Тетово | Тошо Марковски 99% Дарко Ристоски 1% |
| Тетово | ТВ Супер Скај | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ,Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица, Тетово | Муслљим Азири 100% |
| Центар Жупа | ТВ Жупа | ТРД ТВ ЖУПА Елезовски Елез ДООЕЛ с.М.Папрадник Центар Жупа | Елес Елезовски 100% |
| Штип | ТВ Стар | ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип | Симјончо Маријанов 90% и Розетка Моневска 10% |
| Штип | ТВ Ирис | ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип | Баргала АД 97,57% и Владимир Милановиќ 2,43% |

**Табела бр.10** - Структура на сопственоста на **ТРД на локално ниво - радио** (април 2007 година)

| Град | Радио станица | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|---|
| Битола | РА 106 | ТРД РАДИО 106 Битола ДООЕЛ | Кире Христовски 100% |
| Битола | РА Б-97 | ТРД Б-97 ДООЕЛ Битола | Соња Младеновска 100% |
| Битола | РА Актуел | ТРД РАДИО АКТУЕЛ ДООЕЛ Битола | Владимир Николоски 100% |
| Битола | РА Делфин | ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола | Билјана Талева 100% |
| Велес | РА Це-Де | ТРД Радио ЦЕ ДЕ Валентина Михајловска ДООЕЛ Велес | Валентина Михајловска 100% |
| Велес | РА Мерак 5 ФМ | ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ, Љупчо и Владимир ДОО Велес | Владимир Тевчев 50% и Љупчо Несторов 50% |
| Велес | РА Голди | ТРД ГОЛДИ Илија Чадиев ДООЕЛ Велес | Илија Чадиев 100% |
| Виница | РА Ла Коста | ТРД РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница | Петре Костадинов 100% |
| Гевгелија | РА Тајм | ТРД РАДИО ТАЈМ,Павле ДООЕЛ Гевгелија | Павле Јовановски 100% |
| Гостивар | РА Комета | ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар | Раде Исајлоски 100% |
| Дебар | РА Мерлин | ТРД РАДИО-МЕРЛИН, Фатмир, ДООЕЛ Дебар | Фатмир Карамети 100% |
| Кавадарци | РА Галакси-2002 | ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци | Маја Ангелова 100% |
| Кичево | РА А.Макед. | ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ | Илија Таневски 100% |
| Кочани | РА АБ | ТРД РАДИО АБ ДООЕЛ Кочани | Александар Божинов 100% |
| Куманово | РА Сити ФМ | ТРД МОНАКО -РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ Куманово | ТДППУ "Монако-Јовица ДООЕЛ |
| Куманово | РА КМР | ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово | Јовановски Љубиша 50% и Јовановски Бобан 50 % |
| Куманово | РА Аљбана | ТРД АЉБАНА ДООЕЛ Куманово | Имран Велију 100% |
| Куманово | РА Браво | ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово | КОМТЕХ ДОО Скопје 100% |
| Куманово | РА Јехона | ТРД ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ с.Матејче Липково | Бесим Шабани 100% |
| Неготино | РА Микс | ТРД РТВ МИКС Јулија ДООЕЛ Неготино | Јулија Дубровска Манева 100% |
| Охрид | РА МХ | ТРД Зоран Здравковиќ МХ - РАДИО Охрид ДООЕЛ | Зоран Здравковиќ 100% |
| Охрид | РА Супер | Друштво со ограничена одговорност за радиодифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ | Сашо Митаноски 100% |
| Охрид | РА Лав | ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Иванчо Пашоски 100% |
| Пехчево | РА Пехчево | ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево | Ванчо Јовановски 100% |
| Прилеп | РА 5 Чоки | ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ ПРИЛЕП | Илија Бошкоски 100% |
| Прилеп | РА Беса | ТРД Радио БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште | Сафет Мејдиноски 100% |
| Прилеп | РА Риниа 2000 | ТРД РАДИО РИНИА-200,ДООЕЛ с.Црнилиште,опш.Долнени | Севганиа Ибрахими 100% |
| Прилеп | РА Тернипе | ТРД Кани Исаилоски РАДИО ТЕРНИПЕ (Младост) ДООЕЛ Прилеп | Ќани Исмаилоски 100% |
| Прилеп | РА Мефф | ТРД Јовевски Петко Димитар МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп | Димитар Јовевски 100% |
| Прилеп | РА Холидеј | ТРД ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ | Диме Андоноски 100% |
| Радовиш | РА Алфа | ТРД АЛФА ДООЕЛ Радовиш | Сузана Настева 100% |
| Жировница | РА Еми | ТРД за производство и емитување ЕМИ - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше | Џевдет Мехмеди 100% |
| Струга | РА Ди-Џеј | Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга | Џане Кенчевски 100% |
| Струга | РА Рапи | Друштво за вршење радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Велешта ДООЕЛ | Фисник Бектеши 100% |
| Струга | РА Кики | ТРД КИКИ Илија, ДООЕЛ Струга | Илија Тотовски 100% |
| Струмица | РА Хит | ТРД ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица | Блаже Масалковски 100% |
| Струмица | РА Експрес | ТРД ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица | Ѓорѓи Појразовски 100% |
| Тетово | РА Плус Форте | ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово | Небојша Карапејовски100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тетово | РА Кисс | ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово | Габриела Ѓурчиноска 100% |
| Тетово | РА Фама | ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово | Ајет Демири 50% и Мухамер Асани 50% |
| Тетово | РА Блета | ТРД БЛЕТА ДООЕЛ Тетово | Бујар Треси 100% |
| Центар Жупа | РА Семи | ТРД Сури РАДИО СЕМИ - ДООЕЛ, Центар Жупа, С.Г.Папрадник | Шаип Ракиповски 100% |
| Штип | РА Черења | ТРД Черења ДООЕЛ Штип | Енисе Демирова 100% |